Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

________________

СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

## од 443 -та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 2023 година**

Седницата се одржа на ден: 30.05.2023 година, во 10:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател;
- **Ханиф Зендели**, член;
- **Зоран Герасимовски**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Оправдано отсутни членови:

- **Мирјана Радевска Стефкова**, член- поради користење на годишен одмор
- **Лорета Горгиева**, член - поради користење на годишен одмор

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(уредно поканет)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, генерален секретар;
- **Анита Андоноска,** државен советник
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Претседателот на Советот откако констатира дека има потребен кворум за работа, го изложи предложениот Дневен ред и постави прашање дали има предлози за измена и дополнување на истиот, по што отвори расправа.

Мери Радевска - член на Советот се јави за збор и предложи како точка на дневен ред да се стави „Донесување на Одлука за избор на судии поротници во Основниот кривичен суд Скопје“.

Претседателот на Советот предлогот го стави на гласање и со 11-гласа „За“ констатираше дека истиот е усвоен да биде точка 3 од предложениот Дневен ред.

Павлина Црвенковска - член на Советот се јави за збор и предложи како точка на дневен ред да се стави „Донесување на Одлука за престанок на судија поротник во Основниот суд Кочани,поради навршени 60 години“.

Претседателот на Советот предлогот го стави на гласање и со 11-гласа „За“ констатираше дека истиот е усвоен да биде точка 4 од предложениот Дневен ред.

М-р Миљазим Мустафа - член на Советот се јави за збор и предложи како точка на дневен ред да се стави „Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители“.

Претседателот на Советот предлогот го стави на гласање и со 11-гласа „За“ констатираше дека истиот е усвоен да биде точка 5 од предложениот Дневен ред.

Претседателот на Советот предложи точките 3 и 4 да се поместат и стануваат точка 6 и 7, па со оглед дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предложениот изменет и дополнет Дневен ред. По гласањето констатира дека со 11 гласа -„За“, е усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;
2. Донесување на Одлука за утврдување на ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година;
3. Донесување на Одлука за избор на судии поротници во Основниот кривичен суд Скопје;
4. Донесување на Одлука за престанок на судија поротник во Основниот суд Кочани, поради навршени 60 години;
5. Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители
6. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

УПП бр.73/23
УПП бр.76/23, 101/23, 139/23, 151/23, 185/23
УПП бр.99/23, 154/23;
УПП бр. 268/22, 467/22, 25/23, 37/23, 96/23, 108/23, 123/23, 131/23, 148/23;
УПП бр.474/22, 83/23;
УПП бр. 24/23, 35/23, 138/23, 150/23;
УПП бр.60/23, 160/23.
УПП бр.88/23, 155/23, 170/23, 188/23;
УПП бр.152/23, 169/23;

7. Разно

**Точка 1 „Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија“.**

Претседателот на Советот по однос на првата точка на Дневниот ред наведе дека согласно евиденцијата во Судскиот совет на Република Северна Макеоднија Гордана Ѓорчева, судија на Апелациониот суд Скопје, на ден 23.05.2023 година навршила 64 години, поради што исполнува услови за стросна пензија, и отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор констатираше дека е донесено следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Гордана Ѓорчева, судија на Апелационен суд Скопје на 30.05.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 2 „Донесување на Одлука за утврдување на ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година“.**

Ханиф Зендели - член на Советот како претседател на Комисијата наведе дека Комисијата при работењето ги имала предвид и мислењата доставени од судовите, со посебен осврт на мислењата доставени од Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје, како судови со најголем обем на работа, како и мислењата доставени од Управниот и Вишиот управен суд. Од мислењата доставени од судовите Комисијата констатирала дека од страна на судовите во најголем број случаи се бара незначително намалување на ориентациониот број на предмети што треба да ги решат судиите месечно.

Врз основа на анализата на прибавените мислења, Комисијата за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година, според видот на уписниците во судовите, а имајќи ги предвид забелешките дадени на претходната седница до Советот достави Предлог Одлука за ориентациона норма што треба да ја исполнат судиите во Врховниот суд на РСМ, во Вишиот управен суд, во Управниот суд, во апелационите и во основните судови, бр.02-481/42 од 26.05.2023 година. Напомена дека има намалување на нормата за 4 предмети само кај Управниот суд бидејќи за истите е предвидено одржување на главна расправа и тоа во уписниците **У-1** управни спорови од имотно правна област, катастар и образование, **У-2** управни спорови од денационализација и други права, **У-3** управни спорови од урбанизам, градежништво, и други права, **У-4** управни спорови за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, **У-5** управни спорови од јавни набавки, финансии, даноци и други права и **У-6** управни спорови од царина и други права.

Претседателот на Советот отвори расправа по Предлог Одлуката:

За збор се јави Весна Дамева - член на Советот наведе дека оваа Предлог Одлуката е прифатлива за нејзе бидејќи и дискусиите биле во таа насока на минатата седница и сите нејзини забелешки биле прифатени поради што наведе дека ќе гласа за овој Предлог.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог Одлуката. По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на ориентациониот број на предмети**
**што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во основните, апелационите, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Ориентациониот број на предмети се определува според правната област, сложеност на материјата во која спаѓа предметот и стварната надлежност на судот.

**Член 3**

Потребниот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно е следниот:

## 1.ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- **КВП1** вонредно преиспитување на правосилна пресуда(совет од тројца судии)....... **10**
- **КВП2** вонредно преиспитување на правосилна пресуда (совет од пет судии) ........... **5**
- **КВП КОК1** вонредно преиспитување на правосилна пресуда - организиран криминал (совет од тројца судии)......................................................................................................... **2**
- **КВП КОК 2** вонредно преиспитување организиран криминал (совет од пет судии)............................................................................................................................ **1**
- **ВКЖ 1** жалби на решенија на притвор............................................................................ **18**
- **ВКЖ 2** жалби по пресуди во трет степен........................................................................ **5**
- **КЗЗ** барање за заштита на законитоста по кривични предмети .................................... **5**
- **ВУК** барање за вонредно ублажување на казната......................................................... **16**
- **КР** разни кривични предмети.......................................................................................... **35**
- **РЕВ 1** трговски спорови по ревизија ................................................................................ **10**
- **РЕВ 2** граѓански предмети по ревизија ............................................................................ **12**
- **РЕВ 3** работни спорови по ревизија ................................................................................ **12**
- Разни граѓански предмети ................................................................................................ **35**
- **ПСРРГ** право на судење во разумен рок, граѓанско ..................................................... **15**
- **ПСРРК** право на судење во разумен рок, кривично ..................................................... **15**
- **ПСРРУ** право на судење во разумен рок, управно ....................................................... **15**
- **ПСРРЖ** право насудење во разумен рок по жалба ..................................................... **13**
- **УЗЗ** барање на заштита на законитоста во управен спор ................................................ **5**
- **УСПИЖ** жалби против одлуки на Управен суд .............................................................. **10**
- **УР** разни управни предмети ........................................................................................... **35**
- Барање за заштита на законитоста .................................................................................... **5**
- Жалбен совет ......................................................................................................................... **5**

## 2.ВИШ УПРАВЕН СУД

- **УЖ 1** жалби по одлуки на Управен суд за управни спорови од имотно правна област и друго ............................................................................................................................ **22**
- **УЖ 2** жалби против одлуки на Управен суд за управни спорови за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права ...................................................... **22**

- **УЖ 3** жалби против одлуки на Управен суд за управни спорови за финансиски, царински, даночни и други права............................................................................................ **22**
- **УЖВМ 1** жалби против одлуки на Управен суд за времени мерки за управни спорови од имотно правна област и друго ...................................................... **22**
- **УЖВМ 2** жалби против одлуки на Управен суд за времени мерки за управни спорови за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права .......................................................................................................................... **22**
- **УЖВМ 3** жалби против одлуки на Управен суд за времени мерки за управни спорови за финансиски, царински, даночни и други права .................................................. **22**
- **УИЖ 1** извршување на пресуда за управни спорови од имотно правна област и друго .......................................................................................................................... **22**
- **УИЖ 2** извршување на пресуда за управни спорови за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права ........................................................................ **22**
- **УИЖ 3** извршување на пресуда за управни спорови за финансиски, царински, даночни и други права ......................................................................................................... **22**
- **УПРЖ** жалби против одлуки на Управен суд за прекршоци ............................. **45**
- **УРПЖ** жалби од судир на надлежност и разни управни предмети ................ **22**
- **УПОВ** повторување на постапка......................................................................... **22**

## 3.УПРАВЕН СУД

- - **У-1** управни спорови од имотно правна област, катастар и образование................ **26**
- **У-2** управни спорови од денационализација и други права ..................................... **18**
- **У-3** управни спорови од урбанизам, градежништво, и други права ....................... **26**
- **У-4** управни спорови за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права.............................................................................................................. **26**
- **У-5** управни спорови од јавни набавки, финансии, даноци и други права .............. **22**
- **У-6** управни спорови од царина и други права......................................................... **22**
- **УПР прекршоци-разни........................................................................................ 40**
- **УПРЦ прекршоци од областа на царина................................................................ 26**
- **УПРК прекршоци од областа на конкуренција...................................................... 26**
- **УПРД прекршоци од областа на даноци ................................................................. 26**
- **УРП разни управни предмети................................................................................. 30**
- **УСПИ** заштита на основни слободи и права .......................................................... **33**
- **УИ** извршување на пресуда на Управниот суд .................................... **30**

## 4.АПЕЛАЦИОНЕН СУД

- **КЖ** второстепени кривични предмети ..................................................................... **15**

- **КЖМ** второстепени кривични предмети против малолетни ................................... **14**

- **КОК-Ж** второстепени кривични предмети од организиран криминал....................... **1**

- **КСЖ** второстепен кривичен совет............................................................................ **80**

- **ПРКЖ** прекршочни предмети...................................................................................... **45**

- **ПРКЖЈРМ** прекршочни предмети-јавен ред и мир ................................................ **45**

- **ПРКЖС** прекршочни предмети-сообраќај ................................................................ **45**

- **ПРКЖО** прекршочни предмети-општи .................................................................. **45**

- **ПРКЖЦ** прекршочни предмети-царински ................................................................ **45**

- **КР** разни кривични предмети........................................................................................ **20**

- **ГЖ** второстепени граѓански предмети .................................................................... **22**

- **ГЖ** второстепени граѓански предмети-клевета и навреда .................................... **10**

- **РОЖ** второстепени предмети по спорови од работни односи ............................... **22**

- **ТСЖ** второстепени предмети по трговски спорови ................................................ **22**

- **Р** разни граѓански предмети......................................................................................... **20**

## 5.ОСНОВЕН СУД

**КРИВИЧНА МАТЕРИЈА:**

- **К-ПП** определени дејствија во претходна постапка................................................. **25**

- **КИ** истрага .......................................................................................................................... **10**

- **КОК-ПП** определени дејствија во претходна постапка во организиран криминал ........................................................................................................................................ **20**

- **К-ООА** оценка на обвинителен акт............................................................................. **35**

- **КОК-ООА** оценка на обвинителен акт-организиран криминал .............................. **25**

- **К** кривични предмети...................................................................................................... **12**

- **КС** кривичен совет во претходна постапка вон главен претрес (за судија известител) ....... **300**

- **КС-КР** разни кривични предмети во кривичен совет (за судија известител).......... **300**

- **КОК** организиран криминал ........................................................................................... **1**

- **КОК- КР** разни кривични предмети **во** кривичен совет-организиран ......................... **40**

- **КИОК-КС** кривичен совет организиран криминал (за судија известител)................ **40**

- **КМ** кривични предмети спрема малолетни.................................................................. **15**

- **КСМ** кривичен совет за малолетници (за судија известител )..................................... **300**

- **ПРК-О** прекршочни предмети останато......................................................................... **55**

- **ПРК-Ј** прекршочни предмети јавен ред и мир............................................................. **55**

- **ПРК-С** прекршочни предмети од сообраќај .................................................................. **100**

- **ПРК-М** прекршочни предмети против малолетници .................................................. **20**

- **ПРК-Р** разни прекршочни предмети ...................................................................... **100**

- **извршување на санкции КУИКП, КУИКМ, ИКП, ИПРК, ПК, ИСАМ, ИОИП; КР** разни кривични предмети; **КРМ** разни кривични предмети малолетници и мерки за обезбедување.......................................................................................................... **500**

- **КОК-УОПК** условен отпуст организиран криминал .................................................. **200**

- **КОК ПОВ** повторување на кривична постапка организиран криминал .................... **200**

- **УО** условен отпуст......................................................................................... **200**

**ГРАЃАНСКА МАТЕРИЈА:**

- **МАЛВП** парнични предмети од мала вредност........................................................ **20**

- **П1** имотни спорови........................................................................................ **12**

- **П3** имотни спорови-стекнати во брак ................................................................ **12**

- **П4** облигациони спорови .................................................................................. **13**

- **П2** семејни спорови ........................................................................................ **22**

- **РО** спорови од работни односи.......................................................................... **20**

- **ТС** трговски имотни спорови............................................................................. **10**

- **ТС1** трговски облигациони спорови.................................................................... **13**

- **П5** клевета и навреда.......................................................................................... **7**

- **ПЛ** платни налози по предлог ............................................................................ **40**

- **ПЛ1-П** платни налози по приговор......................................................................... **23**

- **ПЛ1-ТС** платни налози по приговор со правни лица ................................................ **23**

- **ПЛЖ** жалби на платни налози против решенија на нотар ......................................... **28**

- **ВПП** (свикување на собрание на акционери, увид во акти, поставување на управител на едно друштво, признавање на странски судски одлуки, уредување на меѓи, надомест од експроприран имот, бришење на правни субјекти, утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти)...................................................................................... **28**

-легализација на трактори и тракторски приколки и легализација на пловни објекти ....................................................................................................................... **150**

- **ВПП1** предмети од физичка делба.......................................................................... **17**

- **ВПП 2** предмети по предлози за обезбедување докази и времени мерки .................. **30**

- **РСВЗРГ** регистрација на цркви, верски заедници и религиозни групи........................ **20**

- **РПП** регистрација на политички партии ................................................................ **20**

- **О1** приговор за оставински предмети ...................................................................... **25**

- **ППНИ** приговори против неправилности при извршување ........................................ **45**

- **ПИ** предлози против извршување ......................................................................... **45**

- **ИЗС** предлози за извршување по закон за семејство.................................................. **25**

- **СТ** стечај ............................................................................................................. **12**

- **СТС** стечаен совет.............................................................................................. **100**

- **Л** ликвидации ........................................................................................................................ **5**
- **РВПП** разни вонпарнични предмети .................................................................................. **100**
- **Р** разни граѓански предмети ..........................
- **ИДС** издадени дозволи за извршни дејствија во станот на должникот ...................... **100**
- **СН** семејно насилство ........................................................................................................ **14**
- **СТ-П1** имотни спорови-стечај........................................................................................... **12**
- **СТ-ТС** трговски имотни спорови-стечај ................................................................... **10**
- **СТ-П4** облигациски спорови-стечај ................................................................................ **13**
- **СТ-РО** спорови од работни односи-стечај.................................................................. **20**
- **СТ-МАЛВПС** спорови од мала вредност помеѓу правни лица-стечај ...................... **20**
- **СТ-ПЛ1-ТС** платни налози по приговор со правни лица-стечај................................. **23**

**Месечната норма на предметите за повторување на постапка во сите судови се определува согласно на утврдената норма за видот на предметот и судот.**

**Месечната норма на времените мерки во сите судови се определува согласно на утврдената норма за видот на предметот и судот.**

**Член 4**

Оваа одлука се применува од 01.01.2023 година.

**Точка 3 „Донесување на Одлука за избор на судии поротници во Основниот кривичен суд Скопје“.**

Претседателот на Советот даде збор на Мери Радевска координатор за следење на работата на Основниот кривичен суд Скопје. Наведе дека согласно член 36 став 1 алинеа 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот е надлежен да избира и разрешува судии- поротници. Советот согласно член 53 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, избира и разрешува судии- поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд. Согласно чл.7 ст.2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судови (Сл.весник на РМ бр.83/2018) за судија поротник може да биде избран полнолетен државјанин на Република Македонија со завршено најмалку средно образование, кој активно го владее македонскиот јазик,ужива углед за вршење на оваа функција и кој не е постар од 60 години. Судскиот совет на Република Македонија со Одлука за бројот на судии поротници во основните и апелационите судови бр.02-2159/1 од 10.12.2015 година го определи бројот на судии поротници за секој суд поодделно. Основниот кривичен суд Скопје објавил јавен оглас за избор на судии-поротници 3/2023. Со допис 03 Су.бр.239/2023 од 19.05.2023 доставена е предлог листа на кандидати за судии поротници, кои ги исполнуваат законски предвидените услови.

Претседателот на Советот отвори расправа по доставената предлог листа и со оглед да никој не се јави за збор, ја стави на гласање. По гласањето констатира дека со 11 гласа -„За“, и 5 гласа „За’ од членовити кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РСМ е донесена следната :

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**

За судии поротници на Основен кривичен суд Скопје се избрани:

1. Кристијан Талески
2. Анета Ангеловска
3. Лилјана Ѓошевска
4. Ирена Тасевска
5. Ангела Андоновска
6. Ема Пауновска и
7. Јани Курте.

Одлуката влегува во сила од 30.05.2023 година

**Точка 4 „Донесување на Одлука за престанок на судија поротник во Основниот суд Кочани,поради навршени 60 години“.**

Претседателот на Советот даде збор на Павлина Црвенковска координатор за следење на работата на Основниот суд Кочани. Наведе дека Претседателот на Основниот суд Кочани со допис Су - 839/23 од 19.05.2023 година, заведен во Судскиот совет под број 02-1104/1 од 26.05.2023 година, достави предлог листа до Советот, судијата поротник Суза Манаско Трајковска да биде разрешена од функцијата, поради фактот што на ден 21.05.2023 година навршила 60 години старост, па согласно чл.80 ст.1 т.5 од Законот за судовите и престанува функцијата судија-поротник и предлага на Советот на првата наредна седица да констатира дека на Суза Манаско Трајковска и престанува функцијата судија-поротник во Основен суд Кочани на ден 21.05.2023 година.

Претседателот на Советот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор констатираше дека е донесена следната:

**О Д Л У К А**

На Суза Трајковска, избрана за судија поротник на Основен суд Кочани со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија и престанува функцијата судија поротник, поради навршени 60 години старост на 21.05.2023 година.

**Точка 5 „Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители“.**

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Миљазим Мустафа кој наведе дека како член на Комисијата по претходно објавениот оглас и како член во Комисијата за анализа на состојбата со кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители ја следеле ситуацијата, го имале во предвид и фактот дека одреден број на кандидатите кои ги исполнуваат условите за судија односно кандидати кои ја завршиле Академија не конкурирале на објавениот оглас и дека

е во  интерес  да се изберат судии поради што  ја предложил оваа точка на дневниот ред и дека истата била подржана од сите членови да се објави оглас во судоите каде немало пријавено кандидати како и во судовите каде има потреба за пополнување на слободните судиски места. Истакна дека по однос на предлогот може да се дискутира и доколку некој има друг предлог да го истакне, се со цел да се донесе Одлука и да се објави огласот и се надева дека на овој оглас ќе конкурираат сите кандидати и Советот пред годишните одмори ќе изврши избор на нови судии.

Претседателот на Советот по предлогот отвори дискусија:

Мирсад Суроји - член на Советот наведе дека по претходниот оглас од 29 март 2023 година објавен за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители биле пријавени многу малку односно само 11 кандидати и тоа во Основен суд Битола, Основен суд Свети Николе, Основен суд Струмица и Основен суд Тетово, додека никој не се пријавил во Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Куманово, Основен суд Крушево, Основен суд Охрид, Основен суд Прилеп, Основен суд Радовиш, Основен суд Струга и затоа по направената анализата со останатите членови на Комисијата одлучиле да предложат ваков предлог за објавување на оглас за избор на судии во основните судови.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека неспорна е потребата  за објавување на оглас и дека час поскоро потребно е да се изберат судии, како што навел колегата Миљазим Мустафа до крајот на летото. Истакна дека би сакала некој од Комисијата да појасни врз основа на кој параметри е изготвена оваа анализа и тоа дали се имала во предвид неопходната потреба во одредени судови, дали се земале во предвид предметите, дали се земале предвид слободните судиски места. овој предлог според неа е во ред, но би сакала да го слушне мислењето на некој од Комисијата.

Мирсад Суроји - член на Советот наведе дека со месеци се правени анализите и дека на сите членови  им е позната состојбата  во судовите.

Весна Дамева - член на Советот  во реплика наведе дека колку што се сеќавала  рекле дека ќе разговараат на колегиум за пред истото да биде ставено на седница. Но, напомена дека нема да го спори предлогот,  но за да се убедела сакала предлогот да се образложи и дека не било доволно да се каже дека се разговарало бидејќи не била дел од таа Комисија, затоа најдобронамерно барала тоа да биде образложено.

За збор се јави м-р Миљазим Мустафа - член на Советот  наведе дека се знаела каде е потребата за судии и дека се знаело дека нема доволен број на кандидати за судовите, бидејќи секој сакал да работи во местото на живеење, но и покрај тоа  бил  објавен оглас за избор на судии за Основен суд Берово и Основен суд Крушево и дека имало огласи и за избор на претседатели, но во овие судови никој не конкурирал. Понатаму наведе дека проблемот е Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје каде не е пополнет бројот на предвидените судиски места согласно систематизацијата и дека овој проблем се среќавал и во судовите со проширена надлежност каде што немало судии и дека по нивна проценка во наредните година или две, можат да останат со по еден или двајца судии  како пример го наведе судот во Кичево, Струга, и Прилеп поради пензионирањата. Затоа била дадена и оваа предлог листа која  била разумна и прагматична и очекувал дека набрзо ќе се изврши избор на судии, а со тоа  ќе имало можност за делегирање каде што има потреба, а судиите ќе имале можност да стекнат искуство.

Зоран Герасимовски - член на Советот како координатор за Основниот суд Струмица побара Комасијата да појасни колку кандидати од Академијата конкурирале за овој суд на претходниот оглас и дали и во овој предлог е земен во предвид и претходно објавениот оглас за еден судија.

м-р Миљазим Мустафа - член на Советот наведе дека на претходниот оглас конкурирале 4 кандидати, но имајќи ја предвид географската позиција на Струмица од каде што претходно биле делегирани судии за скоро цел регион смета дека е подобро да има поголем број на судии во овој суд, за да понатаму истите бидат делегирани. Наведе дека од четворицата кандидати кои се јавиле на претходниот оглас, тројца биле од Струмица.

м-р Миљазим Мустафа - член на Советот се согласи дека на овој начин преку делегирање ќе може да се интервенира во судовите од тој регион.

Мери Радевска - член на Советот се јави за збор и наведе дека има проблем со кандидатите кои се примаат во Академијата или со начинот на распоред, дека има концентрација на кандидати во одредени општини и места, а има општини од каде што никој не бил примен на Академијата, па потоа е дојдено до ситуација да Судскиот совет мора да ги избира кандидатите од каде што потекнуваат. Посочи една состојба од систематизирани 20 места во ОС Струмица, 10 се пополнети, во 2023 година ниеден судија не оди во пензија, во 2024 година 1 еден судија оди во пензија, во 2025 година 1 еден судија оди во пензија, на крајот на годината имале во работа секој судија по 296 предмети по судија , еден кандидат веќе конкурирал за овој суд и уште тројца ќе конкурираат и постави прашање колку предмети во работа тие судии ќе имаат. Наведе дека кога ќе дојде за делегирање и замоли ако помине овој предлог членовите на Советот да останат доследни на досегашната пракса и да ги делегираат. Од причина што Советот имал проблем со кандидатите избрани во Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје од претходната генерација бидејќи неможело да се најде некакво усогласување.

м-р Миљазим Мустафа - член на Советот по однос на изјаснувањата на колешката Мери наведе дека бил член во Комисијата за изготвување на новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители и дека ова веќе било регулирано во новиот закон каде што била дадена надлежност на Академијата да објави огласи за слушатели на Академијата по одредени апелациони подрачја и истите во иднина ќе знаат дека ќе бидат избрани за тоа апелационо подрачје.

Зоран Герасимовски - член на Советот како координатор за Основниот суд Струмица наведе дека во табелата имало техничка грешка за ОС Струмица односно има 7,5 судии а не 10 судии и дека еден од судии работел со пола работно време така да 7 судии биле активни. Но посочи дека останува на тоа барем 2 судии да бидат делегирани во судовите каде што нема да се пријави никој.

М-р Селим Адеми- заменик претседател на Советот се јави за збор кој наведе дека треба да останеме доследни на досегашната практика во Советот за делегирање на кандидатите од Академијата и дека биле познати кординаторите на одредени судови кои не дале согласност за делегирање на судиите од тие судови, затоасмета дека е потребно ги избереме овие кандидати за судии и потоа да не се гледа индивидуално за судовите кај што членовите на Советот се координатори.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, Претседателот на Советот го стави на гласање Предлогот. По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ е донесена следната:

О Д Л У К А
да се објави оглас:

- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Берово;
- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Битола;
- За избор на 8 (осум) судии на Основен граѓански суд Скопје;
- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Делчево;
- За избор на 3 (тројца) судии на Основен суд Кичево;
- За избор на 7 (седум) судии на Основен кривичен суд Скопје;
- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Крушево;
- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Куманово;
- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Охрид,
- За избор на 3 (тројца) судии на Основен суд Прилеп;
- За избор на 3 (тројца) судии на Основен суд Струга;
- За избор на 3 (тројца) судии на Основен суд Струмица.

Претседателот на Советот наведе дека е потребно од редот на членови на Советот да се избере Комисија по пат на ждребување и побара присутните од Стручната служба да го спроведат ждребувањето. Потоа, констатира дека е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Се формира КОМИСИЈА за проверка на навременоста на пријавите и комплетноста на документите на кандидатите по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители бр.09-1134/2 од 30.05.2023 година, во состав од:

- **Зоран Герасимовски –** претседател на Комисијата;
- **Лорета Горгиева –** член на Комисијата и
- **м-р Миљазим Мустафа –** член на Комисијата.

**Точка 6 „Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија“.**

Претседателот на Советот му даде збор на Ивица Николовски со оглед дека има присутна јавност по однос на претставката УПП.бр.08-123/23.

Ивица Николовски- член на Советот **претставката УПП бр.08-123/2023.** Наведе дека се изразува незадоволство од водење на постапка по предмет на Основен суд Гевгелија К-195/22.Од прибавена изјава на судијата кој постапува по предметот произлегува дека предметот во Основен суд Гевгелија е оформен по приватна тужба за кр. дело “Загрозување на сигурноста“ од член 144 ст.2 вв ст.1 вв со чл 45 од КЗ, и по кој било закажано рочиште за мирење согласно член 475 од ЗКП. По неуспешното рочиште за мирење закажана била главна расправа на која се изведени докази предложени од приватниот тужител како и докази предложени од обвинетите.Рочиштата не се снимани тонски бидејќи судот немал такви услови, но е воден записник од записничар . Во текот на расправата не бил прифатен и не бил изведен како доказ

предложената снимката од видео надзор бидејќи по наоѓање на судот се прибавени на незаконит начин за на нив да се заснова судката одлука согласно на член 12 од ЗКП. Според судот доказите од обвинетите доставени на англиски јазик не ги прифатил бидејќи истите не се преведени од овластен судски преведувач. Во смисла на наведеното обвинетите во текот на целата постапка имале адвокат кој можел да им укаже кои докази може да бидат предложени и да се изведат на главната расправа.Наводите во претставката кои се и жалбени наводи ќе бидат предмет на оценка од страна на надлежен непосредно повисок суд, со оглед да предметот по изјавена жалба е препратен во Апелациониот суд Скопје и предложи претставката да се одбие како несонована.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Зоран Герасимовски член на Советот- праша дали во записникот е констатирано дека нема да се води тонски запис.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека во записникот е констатирано дек ане се води тонски запис поради немање на технички услови.

Ханиф Зендели – член на Советот факт е дека наводите се жалбени но не рслушнал дали по итиот е одлучено во Апелациониот суд.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека информации дека повисокиот суд се произнел по изјавената жалба.

м-р Селим Адеми – заменик претседател на Советот наведе дека нема да навлегува во жалбените наводи само ќе потенцира дека кога Ленка Богоевска се појавувал како тужител предметите се распоредувале кај ист судија и дали овој податок е проверен.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека можеби координаторот за овој суд ќе помогнел, со колку кривичари располага овој суд, бидејќи во овој момент судството се наоѓало во дефицит со судии и можно било за помал суд кривичната постапка да ја водел еден судија или двајца, но во секој случај одело преку електорнскиот систем.

м-р Тања Чачарова – член на Советот наведе дека со оглед на фактот да во произнесувањето на судијата, кој постапувал по предметот е наведено дека предметот го добил во работа преку АКМИС системот, а странката доколку има сомнеж, за да се избегне сомнежот смета дека не лошо истото да се препрати до органот кој го следи работењето на Акмис системот а тоа е Министреството за правда, дали имаат направено контрола и дека Судскиот совет нема можности да види дали Акмисот е исправен.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека како задолжен со оваа претставка и кога самиот судијата изјавил дека предметот е распределен по Акмис системот не би сакал да изрази недоверба.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот „Претставката УПП-08-123/23 е неоснована“ и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-123/23 е неоснована.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека **претставка УПП бр.08-25/2023** - се однесува на постапувањето на судија на Основен суд Тетово по предмет К-617/21 .Од прибавена изјава на судијата кој постапувал по предметот произлегува дека предметот е оформен за кр.дело “Противправно лишување од слобода“ по член 140 став 1 вв член 22 од КЗ. По овој предмет судот започнал со постапување веднаш по прием на предлогот но повеќе пати од оправдани и објективни причини главната расправа е одлагана пред се поради проблеми во пронаоѓање и обезбедување присуство на оштетениот како и сведоци, а од друга страна и

самите обвинети никогаш на закажаните претреси не се јавиле во исто време.Судијата наведува дека на последната главна расправа пред завршен збор бранителот на обвинетите предложил да се изведат нови докази со сослушување на нови сведоци и сослушување на обвинетите, но судот предлозите на бранителот ги одбил по претходно сослушување на јавниот обвинител од причина што најголемиот број на докази се предложени на крајот од постапката, иако одбраната и претходно знаела за овие сведоци а во текот на главната расправа не се појавиле нови околности поради кои би се прифатило изведувањето на овие докази. Понатаму се наведува дека новите сведоци биле предложени на исти околности на кои веќе биле сослушани сведоци, а обвинетите иако имале можност да се јават на главната расправа и да бидат сослушани тие не се јавиле и постапката се водела без нив. Со оглед на доволен број изведени докази и времетрењето на постапката судот сметал дека предлозите на одбраната се насочени единствено кон понатамошно оддолговлекување на постапката и нејзино застарување со оглед на видот на кривичното дело и пропишаната казна.Главната расправа завршила на ден 24.02.2023 година, по што е донесена и објавена пресуда, обвинетите се огласени за виновни и казнети со парични казни. Пресудата е изработена и доставена до странките, бранителот истата ја има примено на ден 14.03.2023 година. Наводите на подносителот како жалбени наводи може да бидат предмет на анализа и одлучување во Апелациониот суд Гостивар и предложи да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Мери Радевска член на Советот  наведе дека покрај жалбени наводи, судијата наведувал присуство на обвинителот а не бил присутен и дека тоа било многу сериозна работа и таков однос на судија не можело да се толерира и смета дека во овој дел претставката треба да биде проследена до координаторот на Основен суд Тетово и да се испита работата на судијата, со посета на судења или изјави да се земеле од записничарот.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека се согласува со колешката Мери, меѓутоа тргнувајќи од она што секојдневно практично се случувалe а имајќи во предвид дека немало посериозни докази за испитување наовој факт, најчесто кога судечкиот судија ќе види дека нема услови за закажаното рочиште, тие претходно тоа било пракса се слушале со обвинителите, бидејќи имало само тројца обвинители за подрачје на Тетово и смета дека може и подносителот на претставката сега го користи овој момент, па подоле во претставката истиот наведувал дека судијата се поправил и ги зел во предвид неговите приговори итн.  Меѓутоа, со еден збор суштината и содржината на оваа претставка  се жалбени наводи кои ќе бидат предмет на оценка на повисокиот суд.

Мери Радевска член на Советот  наведе дека мора да се разграничи и пак повтори дека судија не смее да внесува присуство на човек, на странка, на обвинител а да бил отсутен. Што ако тој обвинител бил присутен на друг предмет, па го воделе на две места, што ако тој обвинител сторил кривично дело во тоа време а се пишувало дека е присутен и интегритетот насудијата не смее да му дозволи да внесува невистинити податоци во записник.

м-р Тања Чачарова Илиевска  член на Советот постави прашање од процесен карактер дека колку се сеќава Советто усвоил Заклучок кога претставка е поднесена од полномошник адвокат треба да ни се достави и овластување за поднесување на претставка, во материјалите за седница не можела да види полномошно, а не можела да види и дека е барано.

Ивица Николовски – член на Советот наведе во предметот има полномошно.

Зоран Герасимовски – член на Советот наееде дека се согласува со известителот дека праксата во тетовскиот суд е таа, но ова нека било повод таа пракса да прекине.

Ханиф Зендели – член на Советот наведе дека не може да прифати такво нешто од колегите, бидејќи тој бил претседател на овој суд 8 години и не знаел за случај судија да изнесе неточни податоци, односно обвинителот да не биде на расправа а да се внесе во записник.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека како тогашен претседател тоа требал да го знае и дека овва пракса не почнала со него ниту завршила со него, а тоа што го слушнале било вистина.

м-р Тања Чачарова Илиевска член на Советот постави прашање дали изветителот проверил дека и тоа е жалбен навод и дали ќе се утврди тоа ако не е жалбен навод.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека во секој случај ќе биде суштествена повреда и дека тоа не го спречувало координатор да види и да провери во повеќе предмети и колку уредно води записник, а тоа за да утврди точно требало Советот да донесе заклучок да го задолжи, па да изврши увид.

Претседателот на Советот наведе дека доколку координаторот на Основен суд Тетово цени дека нешто е за проверка тоа му е должност.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот „Претставката УПП-08-25/23 е неоснована“ и по гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и 4 гласа Против, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-25/23 е неоснована

Ивица Николовски - член на Советот наведе дека во п**ретставка УПП бр.08-467/2022 -** насловена како барање за заштита на правото на судење во разумен рок и на праведно судење со предлог барањето да му се уважи како основано, да се направи увид во предметот на Основен кривичен суд Скопје К-287/18 поради долгото траење на постапката, да се уважи жалбата во Апелациониот суд Скопје, да се направи увид во предметите на Основен граѓански суд Скопје РО-1113/13 и РО-786/13 и во Апелациониот суд Скопје, со барање за обнова на предметите. Од увид во приложените списи кон претставката констатирал дека против решението на Основен кривичен суд Скопје К бр.287/18 од 15.09.2022 година со кое се запира кривичната постапка, на ден 28.11.2022 година оштетениот изјавил жалба до Апелациониот суд Скопје Од прибавена изјава на судијата на Основен кривичен суд Скопје кој постапувал по предметот К бр.287/18 и од доставеното известување на претседателот на Основен кривичен суд Скопје произлегува дека согласно Годишниот распоред за работа на судот за 2022 година, предметите по кои постапувал друг судија меѓу кои и предметот К бр.287/18 биле прераспределени во работа на судечкиот судија на ден 21.03.2022 година. Судијата со решение од 15.09.2022 година ја запрел постапката поради апсолутна застареност на кривичното гонење, а предметот на ден 10.01.2023 година по изјавена жалба е доставен до Апелациониот суд Скопје на одлучување, па наводите на подносителот ќе бидат предмет на жалбена постапка пред повисок надлежен суд и дека **е основана** претставката за постапувањето на Основен кривичен суд Скопје по конкретниот предмет, и истата да биде проследена до координаторот на Основниот кривичен суд Скопје на запознавање и натамошно постапување. Во однос на изнесените наводи за предметот на Основен граѓански суд Скопје РО-786/13 оформен по основ надомест на нематеријална штета и предметот РО-1113/13 за исплата на неисплатени придонеси за ПИО кои биле предмет во жалбена постапка пред Апелациониот суд Скопје, наведе дека во овој дел претставката е неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа

За збор се јави членот на Советот-Зоран Герасимовски кој наведе дека поднесокот носи наслов Барање за заштита на правото на судење во разумен рок и дека во аголот на истиот поднесок било со рака напишано да се заведе како претставка и смета дека треба по истиот треба да постапува Врховниот суд на РСМ.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека во конкретниот случај се работело за неука страна,  а од содржината на овој поднесок заклучил дека се работи за претставка и затоа продолжил да постапува по истата.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот,  и по гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и 4 гласа Против, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-467/22 е **е основана** за постапувањето на Основен кривичен суд Скопје, а во делот за постапувањето на Основен граѓански суд Скопје е неоснована.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека во **претставка УПП бр.08-37/2023 -** се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански  суд Скопје и судии на Апелациониот суд Скопје по предмет во кој е одбиено тужбеното барање на тужителот, кое според подносителот е спротивно на членот 1020 од ЗОО. Од прибавена изјава на судиите кои постапувале по предметот произлегува дека Основен граѓански суд Скопје со пресуда МАЛВП-1132/20 од 01.12.2020 година  го одбил тужбеното барање на тужителот како неосновано поради недостиг на активна легитимација на страна на тужителот. Апелациониот суд Скопје по изјавена жалба на тужителот донел пресуда ГЖ-1377/21 од 20.04.2022 година со која жалбата ја одбил како неоснована  а пресудата на Основен граѓански суд Скопје МАЛВП-1132/20  се потврдува. Наводите во претставката како жалбени наводи  биле предмет на оцена  од страна на непосредно повисок суд  кој ги образложил причините за начинот на одлучување по сите суштествени жалбени наводи и неспорно утврдил дека првостепениот суд правилно одлучил како во изреката на обжалената пресуда согласно на одредбите од Законот за облигациони односи и Општите услови за осигурување на лица со последици од несреќен случај .Врз основа на правилно и целосно утврдени факти, судот наоѓа дека  правилно е применето материјалното право и целосно утврдена фактичката состојба која произлегува од изведените и правилно ценети докази во текот на постапката и   предложи  претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Ивица Николовски- член на Советот наведе дека во  **претставка УПП бр.08-96/2023 -** се изразува незадоволство од одлука на Апелациониот суд Скопје ГЖ-2259/20 и на Врховниот суд на Република Северна Македонија Рев 2 бр.406/21.Од прибавена изјава на судиите кои постапувале по предметот произлегува дека Апелациониот суд Скопје со пресуда  ГЖ-2259/20 од 15.04.2021 година по изјавен жалба на тужителката, пресудата на Основен граѓански суд Скопје П1-32/20 од 12.03.2020 година ја преиначува и го уважува тужбеното барање на тужителката.Врховниот суд на Република Северна Македонија изјавената ревизија на тужениот со пресуда РЕВ 2 бр.406/21 од 03.03.2022 година ја одбива како неоснована. По наоѓање на овој суд второстепениот суд правилно го применил материјалното право кога одлучил по предметот согласно член 156 став 1 и 2 од Законот за сопственост и др.стварни права. Предметот ги поминал сите фази на постапување и одлучување пред надлежните судови. Воедно Советот нема надлежност согласно на член 13 став 3 од Законот за судовите каде судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон  и   предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Ивица Николовски- член на Советот наведе дека во **Претставка УПП бр.08-108/2023 -** насловена како известување за сторена неправда фалсификување исправа и злоупотреба на службена положба во врска со предмет на Основен суд Охрид по кој постапувал Апелациониот суд Битола, а подносителот изјавил и ревизија пред Врховниот суд на Република Северна Македонија. Наводите во претставката биле предмет на разгледување пред Советот на седницата одржана на ден 31.05.2022 година по претставка заведена под УПП бр. 08-102/22 од 02.03.2022 година по која Советот констатирал дека е неоснована.Со оглед да во преставката УПП бр.08-108/23 не се изнесени нови наводи и факти, освен да подносителот има изјавено ревизија до Врховниот суд на Република Северна Македонија, по која постапката е во тек, па одлуките на пониските судови ќе биде предмет на оцена и испитување од страна на надлежен повисок суд и предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Ивица Николовски- член на Советот наведе дека во **Претставка УПП бр.08-131/2023 -** се изразува незадоволство од судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот ПЛ1-П-250/21 .Од прибавена изјава на судијата произлегува дека предметот пред Основен граѓански суд Скопје оформен е по приговор на подносителот А.С. како должник поднесен на решението за издавање на нотарски платен налог за наплата на долг, и по кој судот одржал две рочишта на ден 16.06.2021 година и 20.09.2021 година на кое рочиште по изведени докази ја заклучил главната расправа и закажал објава на пресуда на ден 24.09.2021 година со која приговорот се одбива како неоснован.Пресудата на Основен граѓански суд Скопје ПЛ1-П-250/21 од 24.09.2021 година е потврдена од страна на Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ-4352/21 од 30.11.2022 година .Судскиот совет констатира дека наводите во претставката како жалбени наводи биле предмет на оцена на Апелациониот суд Скопје, кој како непосредно повисок суд единствено е надлежен да ја оценува законитоста на донесената пресуда. Апелациониот суд Скопје ги образложил причините за начинот на одлучување по сите суштествени жалбени наводи и неспорно утврдил дека првостепениот суд донел правилна одлука и предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Весна Дамева – член на Советот која наведе дека во ред е предлогот на известителот бидејќи се работи за незадовоство од донесена одлука по која е изјавена жалба, меѓутоа доколку смета за потребно Советот по однос на барањето да се повика подносителот за присуство на седница, да се извести дека седницата за претставките јавно се објавува на ВЕБ страна на Судскиот совет и така се запознавале граѓаните бидејќи немало законски предвидена можност за известување и праќање на покани до подносителите на претставки.

Ивица Николовски- член на Советот наведе дека **претставката УПП бр.08-148/2023 -** е во врска со работата на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет П5-39/21 .Од прибавена изјава на судијата кој постапувал по предметот произлегува дека предметот е оформен по тужба за утврдување на одговорност за клевета. Во однос на наводите дека судијата постапувал по предметот како претседател на советот без да го провери фактот дека една од тужените била вработена во судот како стручен соработник, наведува дека се неосновани од причина што тужената воопшто не ја познава, ниту пак знаела дека истата работи како стручен соработник или волонтер во судот се до моментот на добивање на одлуката на Врховниот суд на Република Северна Македонија каде тужителите поради тоа поднеле предлог

за определување на друг стварно надлежен суд. Судијата наведува дека од генералиите при распит на странките констатирала дека тужената работи како адвокат, со тоа што на судијата не му е познато дека таа работела претходно во судот и неможе да утврди каква е поврзаност на тој факт со фактот дека работела со судија со кој и судечкиот судија работел пред негово пензионирање во истиот парничен оддел . Врховниот суд на Република Северна Македонија донел одлука од 30.09.2021 година со која е одбиен предлогот да се определи друг стварно надлежен суд и предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Ивица Николовски- член на Советот наведе дека во **претставката УПП бр.08-268/2022 -** се изразува незадоволство од одговорот на Судскиот совет по претставка УПП бр.08-81/22 од 10.02.2022 година, а по однос на предмет на Основен граѓански суд Скопје.Од прибавена изјава на судијата кој постапувал по предметот произлегува дека предметот во Основниот граѓански суд Скопје е оформен по тужба на ден 26.04.2019 година и закажано рочиште на 26.06.2019 година кое не е одржано од причина што полномошникот на тужителот го известил судот дека од страна на нотарот не му бил доставен приговор изјавен од страна на тужениот поради што примерок од истиот и приложени докази кон истиот судот му ги предал на рака и полномошникот на тужителот побарал дополнително да се произнесе по истите.Следната расправа е одложена за 04.10.2019 година, меѓутоа со оглед да со Годишниот распоред за измена на годишниот распоред за работа на Основен граѓански суд Скопје за 2019 година сметано од месец септември 2019 година судечкиот судија е распореден да работи во друг оддел ППНИ предмети, предметот ПЛ1-ТС бр.708/19 понатаму е распореден во работа на друг судија кој со наредба од 01.01.2019 година ја презакажал расправата за 17.12.2019 година. Со одлука на претседателот на судот, судечкиот судија повторно се распоредува да постапува по предмети ПЛ1-ТС, па предметот ПЛ1-ТС -708/19 повторно му е распореден во работа и на закажаното рочиште од претходниот судија на ден 07.04.2021 година донел решение за дополнување на приложеното вештачење.Следната расправа закажана за 03.06.2021година е одложена од причини што предметот се уште не бил вратен од страна на вештото лице и следно рочиште закажано за ден 24.09.2021 година. Имајќи предвид дека тужениот истакнал приговор за застареност на тужбеното барање а како полномошникот на тужителот во текот на постапката не ги има доставено во целост доказите кои биле потребни за одлучување по однос на така истакнатиот приговор, судот согласно член 283 став 2 од ЗПП донел решение да се дополнат доставените докази во текот на постапката и рочиштето го одложил за 28.10.2021 година. На ова рочиште полномошникот на тужителот побарал писмено да се произнесе по однос на доставениот поднесок од тужениот па како во наведениот поднесок од тужениот биле констатирани забелешки и приговор на вештиот наод и мислење, дополнително судот по согласност на присутните полномошници понатаму предметот со сите списи со допис од 15.11.2021 година повторно го врати кај вештото лице за да се произнесе по однос на истите, во насока на правилно утврдување на фактичката состојба и донесување на законита одлука.На рочиште од 14.12.2021 година по изведување на доказите судот ја заклучил главната расправа и закажал рочиште за објава на пресуда на 20.12.2021 година. Пресудата судот писмено ја изработил на ден 28.12.2021 година, верификувана на 30.12.2021 година и веднаш експедирана до полномошниците на странките, а истата во целост е потврдена во жалбена постапка пред Апелациониот суд Скопје со пресуда ТСЖ-587/22 од 27.01.2023 година и да се затвори со службена белешка, бидејќи по истите наводи и претходно било расправано пред Советот.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-37/23 е неоснована., претставката УПП-08-96/23 е неоснована претставката УПП-08-108/23 е неоснована, претставката УПП-08-131/23 е неоснована претставката УПП-08-148/23 е неоснована и претставката УПП-08-268/22 е неоснована

Претседателот на Советот ја изложи претставката УПП.бр.08-73/23 и наведе дека до Судскиот совет на Република Северна Македонија поднесена е претставка од Општина Тетово во која се изразува незадоволство од постапувањето на судии на Вишиот управен суд Скопје, по предметот УЖ.бр.1516/19.Судскиот совет на Република Северна Македонија по разгледување на преставката и по расправата по истата констатира дека судиите од Вишиот управен суд кои одлучувале во жалбена постапка по предемтот У-5 бр. 2177/17 од 08.11.2018 година и го донеле решението УЖ.бр.1516/19, одлуката ја донеле врз основа на оцена на сите околности и докази во согласност со Законот за управни спорови кој бил во важност тоа време. Од увидот во одлуката за која се однесува преставката имајќи ги при тоа предвид законските одредби кои биле во примена во време на донесување на одлуката се утврди дека истата содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководеле судиите при донесување на одлуката, посочувајќи ги законските одредби на кои одлуката се заснова и причините за одлученото. Имено, одлуката на Вишиот управен суд како второстепен суд УЖ.бр.1516/19 е донесена во текот на 2019 година поточно на 10.12.2019 година. Во време на донесување на одлуката во важност бил Закон за управните спорови од 2006 година, („Службен весник на РМ“ бр.62/06) и измените и дополнувањата на наведениот закон - Закон за изменување и дополнување на Законот за управните спорови од 2010 година („Службен весник на РМ“ бр.150/10) од 2010 година). Во одредбата од чл.42–а од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови од 2010 година е предвидено дека „против одлуките на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Вишиот управен суд. Против одлука на Управниот суд, органот чиј акт бил предмет на управниот спор може да поднесе жалба преку Државниот правобранител на РМ. Вишиот управен суд одлучува по жалба во совет од тројца судии“. Поради наведената одредба од Законот кој тогаш бил во важност Вишиот управен суд постапувајќи по жалбата изјавена од адвокат од Скопје во својство на полномошник на подносителот на преставката во смисла на погорецитираниот член 42-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови истата ја отфрлил како недозволена со образложение дека не е поднесена од овластено лице и по неа не може да се постапува. Согласно одредбите од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Видно од содржината на претставката, наведе дека подносителот го искористил правото на контрола на одлуката донесена од страна на Управниот суд со поднесување на жалбата до Вишиот управен суд кој се произнел со своја одлука и дека Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување – преиначување, менување или укинување на одлуките донесени од страна на надлежните судови. Врз основа на утврденото предложи преставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа.

М-р Тања Чачарова Илиевска - член на Советот истакна дека одлуката е донесена на 10.12.2019 година од страна на Вишиот управен суд, а во Законот за управни спорови од 2019 година, кој што бил во сила во таа време, а видно и од образложението на самото решение на Вишиот управен суд, овој суд при донесувањето на истото се повикал на членот 7а, членот 42а од Законот за Управните спорови, како и на членовите 370 став 1 точка 1, членот 347 став 3 и член 356 од Законот за парнична постапка. Одредбите на кои се повикувал Вишиот управен суд давала поинаква фактичка состојба од образложението кое известителот го дал при реферирането на претставката. Затоа што согласно членот 7а од Законот за управни спорови е наведено дека во Управните спорови соодветно се променуваат одредбите од Законот за парнична постапка, Согласно членот 42а став 2 против одлуката на Управниот суд органот чиј акт бил предмет на управниот спор може да поднесе жалба преку Државниот правобранител на Република Македонија. Меѓутоа во овој закон во член 22 став 1 од истиот закон наведе дека е дефиниран поимот тужен„ „тужен е органот чиј акт се оспорува“. Во став 2 од истиот член било објаснето кој може да го застапува односно дека тужениот орган е застапуван од одговорното лице или службено лице овластено од него. Понатаму во коментарот на овој закон наведе дека било објаснето кога може да застапува овластеното лице или службеното лице, а не некој кој не е вработен во тој орган. Понатаму имајќи ги во предвид фактот дека во овој случај станувало збор за тужен општина Тетово наведе дека требало да се имаат во предвид одредбите од законите кои се lex specijalis, како што е Законот за локална самоуправа и Законот за државното правобранитеслтво; Дотолку повеќе што на нив упатувале и цитираните одредби во одлуката на Вишиот управен суд. Во Законот за локална самоуправа, во членот 2 наведе дека е даден поимник па децидно било наведено што претставува општината „Општината е единица на локалната самоуправа, како заедница на жители на одредно подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон“. Наведе дека во точка 6 од истиот член се наведени надлежностите на општината. Во членот 3 од истиот закон е наведено дека единиците на локалната самоуправа се општините и дека согласно став 3 имаат својство на правни лица. Понатаму наведе дека во Законот за државно правобранителство во член 2 стои „Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и врши други работи утврдени со овој и друг закон“. Во членот 5 од истиот закон е наведено дека „ Државниот правобранител и државните правобранители ги штитат имотните права и интереси на Република Македонија и на државните органи основани со закон пред судовите и другите органи во земјата и странство“. Имајќи ги предвид цитираните одредби од овие три закони наведе дека обрзложението кое го дал известителот е сосема погрешно и смета дека и самиот суд наведувајќи ги цитираните одредби немал право да ја отфрли жалбата како недозволена на подносителот на претставката, дотолку повеќе што се знаело каков правен лек е жалбата и каква повреда во случајот е направена на штета на подносителот на претставката, од наведените причини предложи претставката да биде основана.

Весна Дамева - член на Советот се јави за збор и наведе дека внимателно го слушала излагањето на членот Тања која детално елаборирала, меѓутоа не по однос на содржината туку по однос на постапувањето наведе дека е поминат долг период односно пресудата е донесена на 10.12.2019 година, и дека трабало да се има во предвид фактот дека самиот подносител навел дека за истото дознал пред неколку дена и да не се одело по автоматизам дека е поминат долг рок и дека треба да се утврдува тој факт, ако евентуално понатаму продолжи постапувањето на Советот.

Ивица Николовски -член на Советот наведе дека во целост се согласува со изложеното на членот Тања и практично истакна дека единиците на локалната самоуправа во конкретниот

случај Општината Тетово имала полно право да обезбеди и правна помош, наведе дека преку јавна набавка единиците на локална самоуправа обезбедувале правна помош . Од искуство наведе дека најчести спорови како судија во стопанскиот оддел во ОС Тетово ја имал како странка Општината Тетово и дека била застапувана од избран полномошник и дека колку му било познато никогаш државниот правобранител не дошол да застапува ниту побарал да застапува.

Претседателот на Советот појасни дека во конкретниот случај станувало збор за управен спор.

м-р Селим Адеми - заменик претседателот на Советот се јави за збор и наведе дека секогаш кажувал и повторно ќе каже дека немало заеднички став на Советот дали треба да се разгледуваат судските одлуки и според него кога одлучувале тројца судии на управен суд и тројца судии на Вишиот управен суд и дека истите постапиле погрешно за него не е прифатливо и дека има два предлози кои треба да се ставаат на гласање, прво предлогот на претседателот на Советот па потоа предлогот на м-р Тања Чачарова член на Советот.

м-р Тања Чачарова Илиевска - член на Советот истакна дека има издвоено мислење по однос на оваа претставка и дека истото ќе го достави писмено до Судскиот совет во рок од 3 дена.

Со оглед да никој повеќе не се јави за збор, Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на известителот „Претставката УПП.бр.08-73/23 да се одбие како неоснована“. По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и 4 „Против“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр.08-73/2023 е неоснована

Претседателот на Советот му даде збор на наредниот известител по претставките.

Членот на Советот Ханиф Зендели наведе дека во **претставка УПП. бр.08-76/2023 -** се изразува незадоволство од постапувањето на Управен суд по предметот У-2 бр.95/18 по барање за повторување на постапката. Судијата на Управниот суд кој постапувал по предметот во прв степен и судиите од Вишиот управен суд кои одлучувале во жалбена постапка, одлуките ги донеле врз основа на оцена на сите околности и докази во согласност со Законот за управни спорови. Од изјавата на судијата од Управниот суд кој постапувал по предметот се утврди дека поради незадоволство на подносителот на преставката од одлуката на Вишиот управен суд донесена во жалбена постапка против пресудата У2.бр.95/2018 од 04.07.2019 година на ден 01.02.2021 година до Вишиот управен суд преку Управниот суд подносителот на преставката поднел барање за повторување на постапката. Судијата од Управниот суд кој постапувал по предметот согласно чл.84 ст.3 од Законот за Управните спорови во кој е предвидено дека – „кога причината за повторување на постапката се однесува исклучиво на постапката пред Вишиот управен суд, претседателот на советот на Управниот суд по одржаното рочиште за расправање за предлогот за повторување на постапката ќе го достави предметот до Вишиот управен суд заради донесување одлука“, на ден 25.05.2022 година одржал рочиште по што предметот со сите списи бил испратен до Вишиот управен суд за понатамошно постапување. Од наведеното произлегува дека во конкретниот случај судијата на Управниот суд кој постапувал по предметот ги превземал сите потребни дејствија, а подносителот на преставката како странка во постапката со поднесување на барање за повторување на постапката до Вишиот управен суд кој во

постапка пропишана со закон  единствено е надлежен да донесе одлука.ги искористил сите правни средства согласно закон. Од изјавата доставена од Вишиот управен суд се утврди дека подносителот на преставката има поднесено барање за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Вишиот управен суд УЖ-1.бр.901/19. Вишиот управен суд постапувајќи по предлогот за повторување на постапката донел решение УЖ-1.бр.901/20 од 24.03.2023 година со кое предлогот за повторување бил отфрлен. Одлуката била донесена согласно чл.82 ст.1 точка 1 и ст.3 од Законот за управните спорови бидејќи како подносител на барањето за повторување на постапката подносителот на преставката не го направил веројатно постоењето на законски основ за повторување на постапката.Согласно  одредбите од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување – преиначување, менување или укинување на одлуките донесени од страна на надлежните судови. Во конкретниот случај неспорно е дека подносителот на преставката го искористил правото на контрола, односно првостепената одлука по повод изјавена жалба од негова страна била на преоцена пред Вишиот управен суд, кој врз основа на сите факти и докази ја потврдил првостепената одлука.,  а потоа подносителот на преставката го искористил и правото на поднесување на барање за повторување на постапката и предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на известителот. По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“., е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр.08-76/23 е неоснована

Членот на Советот Ханиф Зендели  наведе дека во **претставка УПП. бр.08-101/2023 -** се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје  по предметот П4 – 796/22. Од изјавата доставена од судијата кој постапувал по предметот произлегувало  дека судијата на Основниот граѓански суд Скопје кој постапувал по конкретниот предмет, откако констатирал дека е даден рок за одговор на тужба од 15, наместо од 30 дена, со цел заштита на правата на подносителот на преставката, жалбата поднесена од подносителот ја сметал  како предлог за враќање во поранешна состојба, по што донесената пресуда П4-796/22 ОД 21.02.2023 година ја ставил вон сила и дозволил враќање во поранешна состојба. Со враќање во поранешна состојба постапката по предметот е вратена во фаза на закажување на главна расправа на која на подносителот на преставката како тужен му е овозможено согласно со начелото на контрадикторност на постапката да ги штити своите права и интереси. Од друга страна неспорно е дека се работи за постапка која е во тек и во која подносителот на претставката има можност доколку е незадоволен од одлуката донесена во прв степен да го искористи правото на контрола на првостепената одлука со поднесување на жалба до Апелациониот суд Скопје како надлежен второстепен суд. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно  одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука и предложи преставката  да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека судијата грешката ја исправил со решение со кое се става вон сила претходно донесената пресуда и дека за неа е тоа неприфатливо, бидејќи секој пропуст е грешка, така да смета дека е сторена повреда а последиците од истата биле ирелевантни во овој момент и јавно кажа дека овој предлог нема да го поддржи.

Зоран Герасимовски – член на Советот наведе дека конкретниот судија ги искористил законските алатки од ЗПП и го вратил предметот во првобитна состојба и постапил согласноодредбите од ЗПП, познавајќи ја оваа материја наведе дека се работи за регресен долг, штета нема направено судијата и во целост го поддржи известителот по однос на неоснованоста на претставката.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на известителот. По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и 3 гласа „Против“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр.08-101/23 е неоснована

Членот на Советот Ханиф Зендели наведе дека во **претставката УПП. бр.08-139/2023 –** се изразува незадоволство од постапувањето на Апелациониот суд Скопје по предметот ГЖ.бр.2090/21. Судијата од Апелациониот суд Скопје кому предметот му бил доделен во работа задоцнил со изготвување на одлуката по жалба. Имено, од содржината на доказите доставени во прилог со преставката и од извршениот увид во апликацијата „Контрола на судови“ произлегува дека предметот пред првостепениот суд, Основниот граѓански суд Скопје е завршен на 24.09.2020 година кога е донесено првостепеното решение ВПП.бр.19/19 од 24.09.2020 година со кое предлогот на подносителот на преставката во својство на предлагач, за физичка делба на имот бил усвоен. Незадоволен од одлуката на првостепениот суд останал противникот во постапката кој видно од апликацијата „Контрола на судови“ на ден 11.03.2021 година изјавил жалба до Апелациониот суд Скопје, како второстепен надлежен суд. Второстепената одлука по жалба е изготвена подоцна од рокот предвиден во чл.326 ст.1 од ЗПП. Околноста за задоцнето изготвување на пресудата произлегува и од изјавата на судијата кој постапувал по предметот од која произлегува дека задоцнувањето се должело на големиот обем на предмети за постапување и решавање на истите по редослед како што се примени. Во таа смисла предложи подносителот на преставката да се известен дека квалитетот на водење на судската постапка и квалитетот на ажурно постапување како квалитативни критериуми за судиското работење предвидени во чл.80 ст.1 алинеа 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, во кој спаѓаат и роковите за изготвување на одлука Советот ќе ги земе предвид при оценка на работата на судијата и предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека немало во материјалите кога жалбата била доставено до Апелациониот суд Скопје, побара од известителот да го каже тој податок доколку го има со оглед дека во самата претставка стоело дека жалбата е поднесена во 3 месец 2021 година.

Членот на Советот Ханиф Зендели наведе дека жалбата е доставена на Апелациониот суд Скопје на 25.05.2021 година, немало податок кога е примен предметот во работа кај судијата но имало податок дека пресудата е објавена на ден 11.05.2023 година, завршна одлука 18.05.2023 година.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека имајќи во предвид дека предметот е доставен во Апелациониот суд Скопје на 25.05.2021 година а одлуката е донесена на 11.05.2023 година, односно по поднесеното барање за произнесување на судијата и неспорно било дека е донесена и напишана, меѓутоа точен бил фактот дека по предметот не била донесена одлука 2 години. Во вој момент не можело на странката да и се каже дека претставката е неоснована, наведе дека претставката е основана и предложи понатаму да се задолжи координаторот кој во рамките на редовната посета во судот ќе разгледа дали се објективни или субјективни причините и дека не би сакала да прејудиција и нејзината дискусија да биде поинаку разбрана бидејќи било познато дека овој суд има недостаток на судии, но морал да се испита тој факт.

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека се согласува со излагањето на колешката Весна дека после 2 години е одржана нејавната седница и тоа било премногу долг период за да Советот подносителот го извести дека претставката е неоснована и дека граѓаните со проблемите со кои се соочува судството не ги интересира, и дека не вели дека судијат е виновен , но тоа требало да биде основ да се испита сите околности.

Зоран Герасимовски - член на Советот наведе дека Апелациониот суд Скопје е судот од кај што тој доаѓал, дека се работело за ВПП предмет кој е граѓански и воопшто не било важно дали се работело за физичка делба или за парничен предмет. Во 2022 и 2023 година, известителот навел дека во судот работеле 28 судија и дека тоа не било точно биле 7 судии во граѓанско одделение и дека тие судии имале во работа околу 350 до 400 предмети и доколку го судијата го зел преку ред предметот за решавање, тогаш Советот би водел друга постапка и објективно овие судии не можеле да ги решат предметите и потенцираше дека овој суд никогаш не бил само со два совета во граѓсниот одделение.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека сосема се согласува со членот Зоран и дека не само Апелациониот суд Скопје , туку сите основни судови со проширена надлежност се соочувале со дефицит од судии, но се согласи и со членот Тања и дека пресудите се носат во име на граѓаните и граѓанинот има право на заштита и дека не би сакал да помисли дека овде има субјективен придонес од посочениот судија и дека верува од објективни причини судиите не се во можност да навремено постапуваат, но исто така не можело на подносителот да му се каже дека претставката е неоснована и смета дека поради проток на подолг временски период претставката е основана.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на известителот. По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и 4 гласа „Против“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр.08-139/23 е неоснована

Членот на Советот Ханиф Зендели наведе дека во **претставката УПП. бр.08-151/2023 –** се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Кочани по предметот ТС.бр.8/2022**.** Од направените извиди и изјавата доставена од судијата од Основниот суд во Кочани кој постапувал по конкретниот предмет, произлегувало дека е постапувано согласно со Законот за парничната постапка, по што откако е констатирано дека таксата за тужба е нецелосно платена во смисла на одредбите од Законот за судски такси е донесено решение за отфрлање на тужбата кое е јасно и разбирливо. По повод поднесена жалба од подносителот на преставката, судиите на Апелациониот суд Штип, како надлежен суд кој единствено може да менува или укинува одлука во постапка пропишана со закон, врз основа на сите околности и докази ќе ја ценат законитоста на донесената одлука на првостепениот суд и дека подносителот на преставката треба да го сочека исходот на жалбената постапка која се води пред Апелациониот суд Штип која е во тек. По однос на наводите дека судијата во конкретниот

предмет намерно чекал да застари тужбеното барање, наведе дека истите се неосновани од причини што доколку тужбата поднесена од подносителот на преставката била уредна како што е предвидено во одредбите од Законот за парничната постапка, согласно чл.146 од ЗПП в.в. со чл.27 ст.3 од Законот за судските такси предметот не можел да застари и предложи преставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека решението е донесено попсле 6 месици и истото имало материјално правни последици, односно странката да го изгуби правото поради застареност да поднесе нова тужба.

м- р Тања Чачарова Илиевска - член на Советот наведе дека по предметот се преземени процесни дејствија односно од станаа на тужениот е доставен одговор на тужба , па постави прашање како може да се донесе решение за повлечна тужба поради неплатена такса и смета дека ова требало да се утврди, а рокот за донесување на решението истака дека не би сакала да го коментира кога веќе биле преземени тие процесни дејствија и предложи претставката да биде основана.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на известителот. По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и 4 гласа „Против“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр.08-151/23 е неоснована

Членот на Советот Ханиф Зендели наведе дека во **претставката УПП. бр.08-185/2023 -** се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Прилеп по предметот П 4 -.52/2022**.** Од направените извиди и изјавата доставена од судијата од Основниот суд во Прилеп кој постапувал по конкретниот предмет произлегувало дека е постапувано согласно со одредбите од процесниот закон по однос на превземените дејствија во текот на постапувањето. По однос на донесеното решение П4 – 10/23 од 06.04.2023 година за месна ненадлежност на Основниот суд Прилеп истото е донесено врз основа на изведените докази и со примена на одредбите од Законот за парничната постапка кои се однесуваат на месната надлежност и одредбите од Законот за спречување на корупцијата Донесеното решение за месна ненадлежност на Основен суд Прилеп содржи доволно причини за одлученото и истото согласно одредбите од Законот за парничната постапка. е уредно доставено до подносителот на преставката. По повод поднесена жалба од подносителот на преставката, судиите на Апелациониот суд Битола, како надлежен суд кој единствено може да менува или укинува одлука во постапка пропишана со закон, врз основа на сите околности и докази наведе дека ќе ја ценат законитоста на донесената одлука на првостепениот суд - решение П4 – 10/23 од 06.04.2023 година и дека подносителот на преставката потребно е да го сочека исходот на жалбената постапка која се води пред Апелациониот суд Битола која е во тек., поради што предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на известителот. По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ , е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр.08-185/23 е неоснована

Претседателот на Советот и даде збор на Мери Радевска известител по претставките.

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека во **претставката УПП.бр.08-99/2023 -** се изразува незадоволство од постапувањето на Основен кривичен суд Скопје и Апелационен суд Скопје односно судечките судии по предметите 12 ПРК-С-2033/20 од 14.5.2021 година и ПРКЖ-674/22 од 27.4.2022 година, како што е наведено поради суштествена повреда на одредбите од Законот за кривична постапка чл.415 ст.2 и ст.3, погрешно и непотполно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право, како и одлуката за изречена прекршочна санкција, па предлага на Советот согласно неговите ингеренции да одлуките бидат укинати и предметот да се врати на одлучување пред првостепениот суд. Од споведените извиди констатирала дека судијата била во судот, така што неосновани се наводите на подносителот дека на ден 14.5.2021 година судијата била отсутна, па дека сите предмети закажани тој ден биле одложени за месец септември. Воедно судијата против кого е поднесено предметното барање му престанала судиската функција поради исполнување на услови од старосна пензија во јуни 2022 година.Наводите изнесени во претставката се законски основи за изјавување на жалба кои веќе биле ценети пред Апелационен суд Скопје кој донел одлука ПРКЖ-674/22 од 27.4.2022 година и предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа и монстатираше дека никој не се јавил за збор.

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека во п**ретставката УПП.бр.08-154/2023 -** се изразува незадоволство од постапување на судија од Основен суд Штип. Имено, како што наведува досудена и е казна затвор во времетрање од две години, а судијата ниту дозволила да се произнесе, ниту ги сослушала сведоците, понатаму укажува на блиски релации на тужителката со обвинителката. Смета дека е неправедно осудена, мајка на малолетни деца, а и таа самата е со нарушено здравје па во повеќе наврати барала одлагање на извршувањето на казната, поради лекување. Осудената-подносител на претставка со решение на Основен суд Штип КУИКП.бр.63/22 од 27.2.2023 година молбата поднесена од осудената за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор во траење од 2 години, а изречена со пресуда на истиот суд К.бр.66/21 од 11.01.2022 година, потврдена со пресуда на Апелационен суд Штоп КЖ-98/22 од 04.04.2022 година била уважена и почетокот на извршувањето на казната затвор се одложиЛО, а притоа осудената да отпочне со извршување на казната од 10.4.2023 година. Со решение КУИКП бр.63/22 од 27.03.2023 година молбата поднесена од осудената за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор била одбиена како неоснована и истата била задолжена да се јави во КПД Идризово и да отпочне со извршување на казната затвор на ден 10.4.2023 година, во спротивно ќе биде присилно спроведена. Против ова решение осудената – подносител на претставка имала право да поднесе жалба во рок од 3 дена по приемот на решението до Кривичниот совет на Основниот суд Штип. Судијата одлучува врз основа на слободно судиско убедување. Во конкретниот случај надлежен да постапува по евентуално поднесена жалба против ова решение е кривичниот совет на Основниот суд Штип и предложи претставката да се одбие како неоснована

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот Мери Радевска. Со оглед да никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот по изложените претставки. По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр.99/23 е неоснована и претставката УПП.бр.154/23 е неоснована

Претседателот на Советот му даде збор на Мирсад Суроји известител по претставките.

Членот на Советот Мирсад Суроји наведе дека п**ретставката УПП бр.08-83/2023 -** До Основниот кривичен суд била доставена претставка во која се изразувало незадоволство од постапувањето на Основен суд Прилеп. Истата била препратена на надлежно постапување до Судскиот совет на Република Северна Македонија, заведена под УПП.бр.08-83/2023 од 23.02.2023 година. По проучувањето на истата се констатирало дека е нејасна и неразбирлива бидејќи не е наведено за кој судија станува збор и за кој судски предмет, но со оглед дека во претставката не е наведена адресата на живеење на подносителката на претставката побарано е од Основниот кривичен суд Скопје да достави податоци за адресата на живеење. По добивањето на бараните податоци на ден 20.04.2023 година, до подносителката е доставено барање за дополнување со цел да прецизира за кој судија станува збор и за кој судски предмет, како и да ги наведе околностите кои укажуваат на нестручно и несовесно постапување. Од причина што не било доставено дополнување од страна на подносителката на претставката, предложи дека најсоодветно е претставката УПП.бр.08-83/2023 од 23.02.2023 година, да се архивира со службена белешка.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јавил за збор.

Членот на Советот Мирсад Суроји наведе дека во п**ретставката УПП бр.08-474/2022 -** се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје, по предметите бр. П1 бр. 516/21 и П1 бр. 517/21, и наведува дека судијата во доставената изјава до Судскиот совет по претходно поднесена претставка, заведена под УПП бр. 08-273/22 изнел измислици и лаги за да го оправда своето незаконито и пристрасно постапување и предлага да се поведе дисциплинска постапка против предметниот судија за дејствија кои ги опишал и аргументирал во поднесената жалба до второстепениот суд, за да во иднина не се прават идентични или слични постапувања со кои се злоупотребува судиската функција. По спроведните извиди во рамките на законските надлежности се констатирало дека претставка со исти наводи кои упатуваат на незадоволство од постапувањето на истиот судија, по истите предмети подносителот доставил до Советот на 07.07.2022 година, која е заведена под УПП бр. 08-273/22. Претставката е разгледана на седница на Советот одржана на ден 28.09.2022 година и по расправата е констатирано дека е неоснована, за што подносителот е известен на 12.10.2022 година. Согласно чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози кога претставката, односно предлогот се однесува на прашање по кое веќе е постапувано или е водена друга постапка од надлежен орган, постапувањето по новоподнесената претставка, односно предлог ќе се повтори само доколку во претставката, односно предлогот се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, односно водење на постапката. Со оглед дека во претставката не се истакнати нови наводи, а имајќи во предвид дека во тек е постапка по жалба, а наводите изнесени во претставката преставуваат жалбени наводи, Советот утврди дека истите ќе бидат оценети од страна на Апелациониот суд Скопје. Од причина што, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Врз основа на сето погоре наведено, предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот Мирсад Суроји. Со оглед да никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот по изложените претставки. По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката 08-474/22 да се затвори со службена белешка и претставката УПП.бр.83/23 е неоснована

Претседателот на Советот констатираше дека седницата ја напуштија Мирсад Суроји и м-р Селим Адеми.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Миљазим Мустафа известител по претставките.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа наведе дека **претставката УПП бр.08-24/2023 -** се однесува на постапување на судија на Основен кривичен суд Скопје по предметот К.бр.206/15, за сторени пропусти во текот на постапката, со објавена пресуда на ден 17.06.2022 година која не била изготвена во законскиот рок согласно одредбите од ЗКП . Од прибавената изјава од судијата кој постапувал по предметот произлегува дека на записник К бр.206/15 од 17.06.2022 година пресудата не била објавена, но според судијата пред се е крајно нејасно како поднсоителот на претставката кој се претставува како татко на обвинетиот и кој не бил присутен на ниту едно рочиште па ниту на завршното на 17.06.2022година се впушта во тоа што се случувало на завршното рочиште за главен претрес на кое пак се изготвени записници потпишани од претседателот и членовите на советот, кое може да се види и од списите во предметот во кој се содржани записниците за советување. Во однос на наводите дека по напатствијата на Апелациониот суд Скопје незаконски се вршеле корекции во записникот се наведува дека по укажување на Апелациониот суд Скопје за админстративно постапување по предметот а по службена должност судот донел решение со кое се врши исправка на записникот за главен претрес од 17.06.2022 година кое е содржано и во самото решение, а не дека се корекции на самиот записник. Наводите на подносителот дека судот неоправдано определил мерка притвор спрема обвинетиот, според судијата се неосновани со оглед да причините за ваквата одлука се образложени во донесеното решение на судот, а оправданоста на одлуката за мерка притвор ја потврдил и Апелациониот суд Скопје во постапката по жалба.Во однос на тоа дека пресудата сеуште не е изготвена, судијата наведува дека пресудата е изготвена и истата е во фаза на достава до странките односно да од објективни причини не бил во можност да ја претходно писмено изготви со оглед да списите по предметот биле во Апелациониот суд Скопје по жалба на решението за определување мерка притвор, а кој притвор сеуште не е ефектуиран со оглед да лицето не е пронајдено, па откако списите од предметот административно се вратени на 24.11.2022 година кога судот бил во можност да пристапи кон изготвување на одлуката.Од увид во контролникот за работа на судовите, во електронското досие за конкретниот предмет се утврди дека на 17.06.2022 година е евидентиран записник за советување и гласање и решение за притвор, а на ден 01.12.2022 година е евидентирана пресуда и предложи дека дека претставкаат **е основана** а во делот на законските рокови за постапување по конкретниот предмет да биде проследена до координаторот на Основниот кривичен суд Скопје на запознавање и натамошно постапување.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јавил за збор.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа наведе дека **претставката УПП бр.08-35/2023 -** се однесува на постапување на судија на Основен суд Дебар по предмет П1-55/15. Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот произлегува дека Основниот суд Дебар по предметот П1-55/15 донел пресуда на 10.01.2020 година со која се усвојува тужбеното барање, а по изјавена жалба Аплеациониот суд Гостивар донел решение на 12.04.2021 година со кое првостепената пресуда се укинува и предметот се враќа на повторно одлучување. При повторно постапување предметот во Основниот суд Дебар добил нов П бр.8/21 и на ден 23.09.2021 година на одржано рочиште судот ги извел доказите и донел решение за објава на пресудата на ден 18.11.2021 година со која се усвојува тужбеното барање на тужителот.Во однос на наводите на полномошникот на тужените дека Основен суд Дебар дозволил умрено лице да биде тужен односно да има пасивна легитимација и против истото да се води постапка, на одржано рочиште на ден 05.07.2021 година во врска со напатствијата на Апелациониот суд Гостивар во решение ГЖ-522/20 од 24.02.2021 година со кое се укинува првостепената пресуда , Основниот суд Дебар донел решение со кое тужбата на тужителот према тужената покојна се отфрла и предложи дека **е основана** претставката за постапување на судијата по конкретниот предмет, и истата да биде проследена до координаторот на Основниот суд Дебар на запознавање и натамошно постапување.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Ханиф Зендели – член на Советот постави прашање дали Апелациониот суд Гостивар ја укинал пресудата и дали имало последици према странките.

.

Известителот м-р Миљазим Мустафа наведе дека пресдуата ја укинал Апелациониот су и дека ја проучил претставаката и судијата кој првично постапувал по овој предемт веќе не бил активен судија и предметот го презел сегашниот претседател на суд и дали тужениот бил жив е околност која не можела да се утврди во овој момент бидејќи предметот бил доставен на мислење до ОЈО, но ако претставката се прифатила да биде основана оваа околност дополнително ќе биде испитувана од координаторот.

Претседателот на Советот констатираше дека никој повеќе не се јавува за збор.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа наведе дека **претставката УПП бр.08-138/2023 -** насловена како барање се однесувана на претходно поднесена претставка под УПП-248/22 во врска со предмет на Основен суд Делчево за кој подносителот бара истиот да биде прибавен и Советот да изврши увид .Во претставката подносителот изразува незадоволство од одговорот на Судскиот совет по негова претходна претставка по која Советот расправал на седницата одржана на ден 26.10.2022 година и го известил подносителот дека истата е неоснована од причина што наводите се жалбени наводи по кои веќе одлучувал второстепен суд и дека е изминат законскиот рок од 3 години за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судиите .Со оглед да во преставката УПП бр.08-138/23 не се изнесени нови наводи и факти согласно на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози (“Службен весник на Република Македонија“ бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) предложи претставката да се затвори со службена белешка и да се архивира.

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа наведе дека **претставката УПП бр.08-150/2023 -** се однесува на постапување на судии на Апелационен суд Гостивар по предмет ТСЖ-115/22. Од прибавената изјава на судиите кои постапувале по предметот произлегува дека списите по предметот ТСЖ-115/22 се во постапка по ревизија ред Врховен суд на Република

Северна Македонија изјавена на последна донесена одлука на Апелациониот суд Гостивар под ТСЖ-115/22 од 15.02.2023година со која жалбата на тужителите се уважува, а се преиначува првостепената одлука на Основниот суд Гостивар , а со оглед дека подносителот има изјавена ревизија пред Врховниот суд, истите ќе бидат предмет на преиспитување од страна на повисок надлежен суд и предложи претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот м-р Миљазим Мустафа. Со оглед да никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот по изложените претставки. По гласањето констатира дека со 9 гласа „За", е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП.бр.24/23 е основана, претставката УПП.бр.08-35/23 е основана, претставката УПП.бр.08-138/23 да се затвори со службена белешка и претставката УПП.бр.08-150/23 е неоснована.

Претседателот на Советот констатираше дека повторно е присутен на седницата м-р Селим Адеми.

Претседателот на Советот и даде збор на Павлина Црвенковска известител по претставките.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека п**ретставката 08-60/2023 –** по предметот РО Пов-2/22 оформен по предлогот за повторување на постапката поднесен од тужителот- подносител на претставката на ден 01.02.2023 година било одржано рочиште согласно одредбите од ЗПП за што бил сочинет и записник за главна расправа , кој е уредно потпишан од подносителот и од полномошникот на тужениот. Излагањето на расправата и завршниот збор тужителот директно ги диктирал на записничарката со цел да нема сомневање дека некој дел од изјавата би можел да биде парафразиран. Според изјавата односот на судијата кон подносителот на претставката бил со почит во рамките на законот, како и кон секоја друга странка. Според тоа, имајќи предвид дека содржината на претставката по однос на изразеното незадоволство од донесената одлука истовремено претставува жалбени наводи, истите ќе бидат предмет на разгледување, анализа, оценување и одлучување од страна на второстепениот суд, кој суд е надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука и да ја цени основаноста на жалбените наводи, па врз основа на констатациите да ја потврди, измени или укине првостепената одлука, се со цел за пресудување во согласност со законот.Изнесеното, имајќи предвид да во смисла на член 13 точка 3 од Законот за судовите (Сл. весник на Република Македонија бр.58 од 11 мај 2006 година), - "Судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон", а во конкретниот случај ќе биде потребно да го сочекате донесувањето на одлуката од страна на Апелациониот суд Битола. Со оглед на наведеното, Советот нема ингеренции да интервенира во судските одлуки ниту пак да ги менува истите, па во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување, поради што предлага претставката да се одбие како неоснована..

Претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека **претставката 08-160/2023 –** се однесува на постапување Управниот суд кој донел пресуда У-3 бр. 121/2022 од 12.07.2022 година и истата е правосилна, а наводите во претставката се однесуваат на неспроведување на правосилна одлука, од страна на градоначалникот на Општина Ранковце, за што Судскиот совет на РСМ не е надлежен, па во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување, поради што предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот Павлина Црвенковска. Со оглед да никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот по изложените претставки. По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката 08-60/2023 е неоснована и претставката 08-160/2023 е неоснована

м-р.Селим Адеми заменик претседателот на Советот констатираше претседателот на Советот ја напушти седницата.

Заменик претседателот на Советот и даде збор на м-р Тања Чачарова Илиевска известител по претставките.

Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска наведе дека во **претставката УПП бр. 08-88/2023** - Подносителот истакнува дека претставката ја поднесува заради психолошкото насилство доживеано на работно место, од страна на судечкиот судија, на рочиштето за главна јавна расправа одржано на 13.02.2023 година,по предметот 8пл ПЛ1-П-469/22, за спор помеѓу ЈП Водовод и канализација - Скопје и А.Е. од Скопје. Укажувал на арогантно однесување и постапување на судијата кое смета дека е директен показател за малицизност на свесно ниво и со конкретна намера и цел да го понижи и повреди нејзиниот личен и професионален интегритет. Судијата без никаков повод и причина манифестирала силна ароганција, пропратена со обраќање на висок тон во обид да ја навреди и деградира, вклучително и да дава неумесни коментари за ЈП Водовод и канализација - Скопје. Претставката ја поднела за да ја тужи судијата согласно Законот за заштита од вознемирување на работното место. По извршените извиди по претставката, а заради проверка на основаноста на наводите во истата, добиената изјава на судијата кој постапувал по предметот произлегувало дека се работи за предмет оформен по приговор на должникот А.Е. од с.Студеничани, поднесен против решение за издавање на нотарски платен налог на нотар Џ.Б. НПН бр.2774/22 од 24.06.2022 година. Постапувајќи по приговорот судот закажал и одржал едно рочиште за главна расправа на ден 13.02.2023 година на кое како полномошник на доверителот ЈП Водовод и канализација пристапил подносителот на претставка и го известил судот дека сметките за потрошена вода, а кои биле предмет на нотарскиот платен налог се платени, па судот донел решение со кое нотарското решение го укинал и издадениот нотарски платен налог го ставил вон сила. Воедно судот одлучил и за трошоците на постапката, а за кои трошоци ЈП Водовод и канализација има поднесено жалба. Предметот е во фаза на доставување до Апелациониот суд Скопје да одлучи по жалбата за трошоците на постапката .Од увидот во записникот судот не можело да се констатира дека имало било какво психолошко насилство врз полномошникот на доверителот и која судечкиот

судија не ја познава, ниту може да се сети за кој полномошник се работи, бидејќи како полномошници на ЈП Водовод и канализација доаѓале поголем број на лица. Видно од приложениот записник од расправа одржана на ден 13.02.2023 Судскиот совет цени дека наводите во претставката се паушални, неаргументирани и непоткрепени со докази и не може да се впушта во оценување на истите, поради што предложи преставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска наведе дека во **претставката УПП бр. 08-155/2023** - Подносителот на претставката во својство на управител на правното лице ВЕВЕ ГРОУП ДОО Скопје наведува дека ВЕВЕ ГРОУП ДОО Скопје, во 2006 година со договор за купопродажба склучен со продавачот Капитал банка АД Скопје, купил деловен простор во ДТЦ Мавровка Скопје, и имотот е запишани во Имотниот лист за КО Центар при АКН Скопје без да биде запишано било какво заложно право. Продавачот на споменатиот деловен простор го стекнал имотот врз основа на реализација на договор за хипотека, склучен со претходниот сопственик АУТОМАГНАТ КОМЕРЦ Скопје, врз основа на Записник за стекнување на заложена недвижност. Прв сопственик на посочениот деловен простор бил ЕУРО ПРОДУКТ КОМЕРЦ, кој го стекнал имотот со договор за здружување на средства со инвеститорот ГП Маврово Скопје, склучен на 07.12.1992 и 28.07.1993 година. Првиот сопственик паричните средства за купување на деловниот простор го остварил со кредит од Стопанска банка АД Скопје, Главна филијала Куманово, а банката своето побарување го обезбедила со укнижба на заложно право во интабулаците книги во Основен суд Скопје 1 Скопје. За укнижбата на заложното право на деловниот простор сите претходни сопственици, вклучително и подносителот на претставка дознаваат во 2012 година, дури после 20 години од укнижбата, од причина што по подносените барања за добивање на информација дали над споменатиот недвижен имот има воспоставено заложно право, како од Судот, така и од АКН биле издавани потврди дека врз споменатиот имот немало засновано заложно право. Во 2013 година дознал дека врз споменатиот имот е запишана хипотека, кога за потребите на банката од АКН вадел имотен лист, со запишана хипотека во корист на Министерство за финанси на РМ. Со цел да го заштити своето право на сопственост поднел тужба со која се повикал на одредбите од чл.49 од Законот за договорна хипотека, кој бил во сила во време на стекнувањето на сопственоста. Согласно одредбите од посочениот член Капитал банка АД Скопје со реализација на хипотеката воспоставена над предметниот имот од хипотекарниот должник АУТОМАГНАТ КОМЕРЦ се стекнала на сопственост над недвижноста ослободена од сите заложни побарувања, па врз основа на истото дека заложното право-хипотека конституирана врз основа на судско порамнување од 1993 година нема правна сила. Од тие причини смета дека не може да се спроведува извршување над предметниот имот, кој е во негова сопственост за обврски на трети лица засновани пред 30 години, без негово знаење и согласност. Покрај сите овие околности од страна на првостепениот суд, Основен граѓански суд Скопје, била донесена пресуда ТС-57/22, ТС-85/22 со која е одбиено тужбеното барање како неосновано. Незадоволен од таквата одлука поднел жалба до Апелациониот суд во Скопје на ден 23.12.2022 година, по која Апелациониот суд Скопје не донел одлука. Деловниот простор бил купен со единствена цел да биде даден во закуп на ТРД АЛСАТ-М ДОО

Скопје за обавување на неговата основна дејност - радиотелевизиско емитување, а кое друштво е во сопственост на подносителот на преставката. Во просторот биле инвестирани големи парични средства од страна на подносителот и корисникот на истиот со цел непречено, квалитетно, современо обавување на телевизиската дејност. Од страна на подносителот како и од ТВ АЛСАТ-М, како ќерка- фирма, оправдано се појавило сомневање дека целата постапка се водела од политички побуди, односно се вршело притисок на телевизијата за оневозможување да продолжи со нејзиното редовно работење за објективното и политички независно информирање на јавноста. По извршените извиди по претставката, а заради проверка на основаноста на наводите во истата, добиенита изјава од судијата кој постапувал по предметот произлегувало дека предметот ТС-57/22, ТС-85/22 во Основниот граѓански суд е оформен по тужба на тужителот ВЕВЕ ГРОУП ДООЕЛ Скопје против РСМ - Министерство за финансии на РСМ за утврдување дека тужениот нема право да бара присилно извршување спрема тужителот врз основа на заложно право конституирано врз основа на судско порамнување - Решение на Општински суд Скопје 1 Скопје Р-342/93 од 29.07.1993 година, вредност 13.000.000,00 денари. Со тужбата тужителот побарал да се утврди дека тужениот нема право да бара присилно извршување спрема тужителот како сопственик на деловен простор во објект ДТЦ Маврово со површина од 296,20 м2 за наплата на обезбедено парично побарување врз основа на заложно право - хипотека. Во текот на судската постапка тужителот на ден 05.08.2022 година доставил писмен поднесок со кој извршил прецизирање на тужбеното барање, а со кое побарал да се утврди дека заложното право - хипотека конституирана врз основа на судско порамнување содржано во решението на Општински суд Скопје 1 Скопје Р-342/93 од 29.07.1993 година со кое се определува укнижување - упис на заложно право предложено од странките и тоа заложникот должник ЕУРОПРОДУКТ КОМЕРЦ ДОО Скопје и заложниот доверител Стопанска банка АД Скопје, Филијала Куманово, согласно член 49 од Законот за договорна хипотека (Сл. Весник на РМ бр.59/2000) сметано од 20.03.2003 година не произведува правно дејство, па тужениот РСМ - Министерство за финансии, како правен следбеник на Агенцијата на РМ за санација на банки нема право да бара присилно извршување спрема тужителот ВЕВЕ ГРУП ДООЕЛ Скопје како сопственик на предметниот деловен простор во ДТЦ Мавровка, за наплата на обезбедено парично побарување врз основа на погоре наведеното заложно право - хипотека. Основниот граѓански суд постапувајќи по тужбеното барање на тужителот прецизирано со поднесокот од 05.08.2022 година донел пресуда ТС-57/22, ТС-85/22 со која пресуда го одбил тужбеното барање на тужителот од 05.08.2022 година како неосновано. Цитираната пресуда е обжалена од страна на тужителот и предметот е во жалбена постапка пред Апелациониот суд Скопје. Видно од наводите во преставката Судскиот совет констатира дека тужителот - подносителот на претставката не се жали на повреди сторени во текот на постапката или на погрешно утврдена фактичка состојба, туку само на погрешна примена на материјалното право кои воедно се и жалбени наводи на тужителот против првостепената пресуда и истите ќе бидат предмет на оценка на повисокиот суд.Согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски

одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука. Предвид наведеното предложи преставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска наведе дека во претставката **УПП бр. 08-170/2023** - подносителот наведува дека со пресуда на Апелационен суд Гостивар ТСЖ-115/22 постапката која се водела пред Основниот суд Гостивар ТС-23/17 за долг, спрема нејзе како тужена правосилно завршува по четврт пат и дека иако постапката е правосилно завршена судечкиот судија не носи решение со кое ќе ја стави вон сила времената мерка за блокада на нејзините трансакциски сметки која трае до правосилното завршување на постапката. Судечкиот судија донел решение со кое по трет пат го одбива нејзиното барање за укинување на решението за времена мерка и дека таквата ситуација трае 8 години, каде нејзината сметка е целосно блокирана и нема основни средства потребни за живот за нејзе и нејзините малолетни деца. Бара од Советот да поведе дисциплинска постапка против посочениот судија за нестручно и несовесно вршење на функцијата. По извршените извиди по претставката, а заради проверка на основаноста на наводите во истата, произлегува дека Основниот суд Гостивар постапувајќи по барањето на подносителот на претставката од 24.02.2023 година за укинување на привремена мерка донесена со решение ТС-43/15 од 10.02.2016 година, донел решение ТС-23/17 од 03.04.2023 година со кое Барањето го одбил како неосновано образложувајќи ги причините за донесената одлука .Против ова решение дозволено е право на жалба. Предвид наведеното, наводите во претставката се жалбени наводи кои можат да бидат предмет на оцена единствено на надлежен повисок суд во постапка утврдена со закон. Согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука. Предвид наведеното предложи преставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска во врска со **претставката УПП бр. 08-188/2023** - наведе дека до Судскиот совет на Република Северна Македонија, од страна на подносителот доставен е писмен допис насловен како поплака во кој се изразува незадоволство од работата и постапувањето на јавни обвинители од Јавното обвинителство во Куманово и Скопје.Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира дека од причина што следењето и оценувањето на работата на јавните обвинители не спаѓа во делокругот на надлежности предвидени со чл. 36 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, дописот да се препрати на надлежно постапување на Советот на јавни обвинители, за истото да се извести странката и предметот да се архвира со службена белешка.

Заменик претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот м-р Тања Чачарова Илиевска. Со оглед да никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот по изложените претставки. По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставката УПП бр. 08-88/2023 е неоснована, претставката УПП бр. 08-155/2023 е неоснована, претставката УПП бр. 08-170/2023 е неоснована, претставката УПП бр. 08-188/2023 - да се архвира со службена белешка.

м-р.Селим Адеми - заменик претседателот како известител наведе дека во **претставката УПП.бр.169/2023 –** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Струмица по предметот К.бр.498/22. По направени извиди во наводите во претставката и списите приложени кон истата Советот најде дека со пресуда К.бр.498/22 од 20.01.2023 година обвинетиот согласно чл.403 т.1 од ЗКП го ослободил од обвинение. Против оваа пресуда дозволена е жалба и истата видно од наводите изнесени во претставката е поднесена.Судот ценел дека обвинетиот со тоа што сака да остварува контакти со своите деца не покажува поведение кое е противправно, истото нему како татко му е загарантирано право. Наводите во претставката се жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува. По однос на предметот кој исто така се води пред Основен суд Струмица и е доделен на постапување на истиот судија К.бр.174/23 истиот е во тек и подносителот треба да ја сочека првостепената одлука. Воедно доколку подносителот наоѓа дека постојат некои од законските основи, може да бара изземање на првостепениот судија од постапување по предметот. Судијата одлучува врз основа на слободно судиско убедување и врз основа на закон, а Советот нема надлежност да презема дејствија кои се надвор од надлежностите утврдени со закон, предложи претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор.

Заменик претседателот на Советот наведе дека по **претставката УПП.бр.152/2023** - Советот веќе постапувал по претставка од истиот подносител заведена под УПП.бр.3/23 од 04.01.2023 година и истата била разгледана на седница на Советот одржана на ден 22.03.2023 година и оценета како неоснована за што подносителот е известен. Имено во преставката подносителот изразува незадоволство од постапување на судија од Основен суд Гостивар која постапувала по предметите П1-189/22 и П1-190/22, како и судиите од Апелационен суд Гостивар кои постапувале по предметот ГЖ-817/22 по жалба на решението П1-189/22 од 11.7.2022 година. По поднесена жалба постапувал Апелационен суд Гостивар кој со решение ГЖ-817/22 од 2.11.2022 година жалбата ја одбил како неоснована, а првостепеното решение П1-189/22 од 11.7.2022 година го потврдил. Подносителот поднел нова преставка заведена под УПП.бр.152/23 од 12.04.2023 година и во истата изразува незадоволство од известувањето по претходно поднесената преставка со дополнение дека по однос на предметот П1-190/22 Апелациониот суд Гостивар со решение ГЖ-99/23 од 23..22023 година жалбата на тужителите е уважена, а решението на Основен суд Гостивар П1.бр.190/22 се враќа на првостепениот суд на повторно одлучување. По однос на истото предложи Советот да го известуви подносителот дека постапката по предметот е сеуште во тек и истиот треба да го сочека исходот од повторното одлучување, поради што предложи претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот отвори расправа и констатираше дека никој не се јави за збор и дека претседателот на Советото повторно е присутен на седницата.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот по изложените претставки. По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

Претставка УПП.бр.169/2023 е неоснована и претставка УПП.бр.152/2023 е неоснована

Претседателот на Советот костатираше дека седницата заврши во 15:50 часот и истата ќе продолжи на ден 05.06.2023 година во 9:30 часот.

**ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 443- СЕДНИЦА**

Седницата се одржа на ден: 05.06.2023 година, во 9:40 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член
- **Ханиф Зендели**, член;
- **Зоран Герасимовски**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;

Претседателот на Советот констатираше дека **Лорета Горгиева**, член – онлајн е присутна и дека **Мирсад Суроји**, член ќе се приклучи подоцна на седницата,

Оправдано отсутни членови:

- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член - поради користење на годишен одмор
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(уредно поканета)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, генерален секретар;
- **Анита Андоноска,** државен советник
- **Александра Шоптрајанова**, самостоен референт.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Претседателот на Советот откако констатира дека има потребен кворум за работа истакна дека треба да се продолжи под Точка 6 **„Разно“.**

Претседателот на Советот предложи измена на одлуката каде истиот е претседател на Комисијата за анализа на потребните судиски места и службеници во судовите, која Комисија почнала со совојата работа и во една фаза е завршено но дополнително е потребно да се спроведат и други активности и предложи со оглед дека судовите на кои бил координатор сега со Годишниот распоред се дадени на Весна Дамева да биде член односно и претседател на оваа Комисија и отвори расправа.

За збор се јави Весна Дамева член на Советот која наведе дека со оглед дека претседателот одлучил таа да биде во таа Комисија, а имајќи во предвид дека сеуште во целост не и биле предадени материјалите од судовите каде координатор бил сега претседателот на Советот смета дека нејзиниот обем на работа е голем, меѓутоа како член на Советот наведе дека нема да одбие дополнителна работа.

Претседателот на Советот наведе дека обемноста на работата ја споделуваат сите членови на Советот, така да немало пречка или причина некој да смета дека повеќе или помалку е оптоварен со работа.

Претседателот на Советот констатира дека Весна Дамева е претседател на Комисијата за анализа на потребните судиски места и службеници во судовите за што дополнително ќе се изготви заклучок.

Претседателот на Советот наведе дека од страна на Весна Дамева доставена е информација или известување по однос на работењето во делот на комисиите, па имајќи го во предвид сето ова дека било доставено до член на една Комисија и член на друга Комисија и тој материјал не бил доставен до него како претседател, но на колегиумот сфатил и разбрал за каква информација станува збор, но останало по однос на ова да се дискутира на седница под точка разно. Потенцира дека се работи за две известување и тоа едно каде Весна Дамева е член на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија од основен суд кој се пријавува на огласот за избор во друг основен суд, како и за избор на претседатели на судови, по огласи објавени во Службен весник на РСМ бр.154/21 и 266/21, каде што претседател на Комисијата е м-р Селим Адеми. Додека другото известување е до Комисијата на известители која постапува по Барање за утврдување на одговорност на еден судија каде претседател на оваа Комисијата е Х.З.

Претседателот на Советот отвори расправа по однос на Комисијата за рангирање.

За збор се јави Весна Дамева - член на Советот која наведе дека пред да се отпочне со расправата бидејќи немала да учествува во истата, истакна со оглед дека ги поднела овие известувања смета дека има потреба да даде дополнителни појаснувања за колегите, како и за присутната јавност, со цел да бидат отстранети сите можности за дилеми и различни толкувања, особено што ова прашање станало актуелно во јавноста изминатите денови. Нјпрвин ја изрази нејзината благодарност од заинтересираноста на порталот Рацин.мк кој како новооснован портал покажал интерес за работењето на Судскиот совет. Истакна дека најверојатнотоа се должело на фактот што за овој портал по претсанокот на работниот однос во Судскиот аовет поранешниот портпарол на Судскиот совет Љубиша Арсиќ вработен од поранешната претседателка на Судскиот совет Павлина Црвенковска почнал да пишува текстови, кое можело да се провери со пребарување. Забележа на селективниот пристап спрема медиумите со оглед дека материјалите од денешната седница биле доставени само до овој портал кое се потврдувало од содржината на самиот текст, а не биле досатвени и до другите медиуми бидејќи

тоа не било транспарентно, туку селективно постапување и фаворизирање на еден портал на кој му се давало ексклузивитет и ја наведувало на заклучок дека е ова е хајката која се водела пртвив нејзе со цел да се прикажеле фактите поинаку и да и се наруши нејзиниот интегритет и углед. Наведе дека имало портали и медиуми кои континуирано ја следеле работата на Судскиот совет и дека до нив требало да им бидат доставени материјали од седница +за да ја анализират состојбата онака како што е. По однос на тоа кој изошто ги дал тие материјали од кои сел се поврзани со постапки за кои јавноста е исклучена ,како и поради фактот дека портпаролот на Судскиот совет не реагирал доовој момент како што тоа секогаш го правел, смета дека треба да биде предмет на дискусија на работен состанок и дека ќе се превземат мерки вакви состојби да не се повторуваат.

Претседателот на Советот наведе дека на претходната седница имало и повеќе медиуми и било разговарано дали овие известувања да бидат ставени како точка на дневен ред или да биде под разно и се одлучило да се оди под разно, а сега се истакнувало дека некакви материјали се лиферувале во јавност. Наведе дека бил отсутен од државата и дека му се јавувале новинари и дека не биле дадени никакви информации од негова страна и ги упатувал да се јават кај портпаролот, но без разлика потенцираше да не се манипулира во тој дел бидејќи се дискутирало за тоа на седница пред медиуми и пред камери и дека токму таа ја отпочнала дискусијата.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека во самиот текст имало и други податоци кои не биле дискутирани на седница и дека таа не ја отпочнала таа дискусија, тоа можело да се утврди затоа што било дозволено камери да снимаат и тоа ќе го утврдела јавноста. Потоа премина на изветувањата кои ги доставила до Советот и во интерес на времето истакна дека ќе зборува заедно за двете известувања бидејќи до Советот доставила две известувања кои се однесувале на две различни комисии, а и околностите кои биле наведени биле различни. Но напомена дека тоа известување бидејќи претседателот навел дека не било доставено до него истакна дека тоа известување најпрвин е доставено до Комисијата за рангирање на 25.05.2023 година, направен бил пропуст и на 29.05.2023 година било доставено до Советот, со напомена дека е направен технички пропуст.

Претседателот на Советот потенцираше дека ова известување сепак било доставено после седницата.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека седницата се одржа на 30.05.2023 година, а известувањето е доставено на ден 29.05.2023 година, а тоа било ирелевантно бидејќи го имало денес.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија предвидувал апсолутни и релативни причини за изземање. Апсолутните причини се содржани во член 33 став 1 од Законот според кој Член на Советот не учествува во работа на Советот во постапки во кои се одлучува за судија, претседател на суд, кандидат за судија или кандидат за претседател на суд со кој е во:1) брачна или вонбрачна заедница; 2) роднинска врска по права линија до кој било степен, а во странична до четврт степен; 3) роднинска врска по сватовство до втор степен; 4) однос на посвоеник или посвоител или лице со кое живее во иста семејна заедница. Овие причини во конкретниот случај наведе дека не постоеле бидејќи нејзиниот сопруг ниту се избирал ниту се разрешувал од судија.

Известувањата наведе дека се засноваат на член 33 став 4 од Законот, според кој член на Советот, освен во случаите предвидени во ставот (1) на овој член, доколку во вршењето на својата функција дознае за постоење на околности кои може да предизвикаат сомневање во

неговата непристрасност, е должен веднаш за тоа да го извести Советот, кој ќе донесе соодветна одлука. Ова биле релативни причини за изземање, и членот доколку дознае бил веднаш должен да го извести Судскиот совет за постоењетона околностите кои можеле да предизвикаат сомневање. Повтори доколку дознае. Наведе дека Судскиот совет бил тој кој ќе донесе соодветна одлука дали ќе го изземе членот или не, ценејќи при тоа дали околностите може да предизвикаат сомневања во непристрасноста на членот. Во конкретниот случај, односно по првото известување наведе дека за околностите дознала на 22.05.2023 година, а ги потврдила на 23.05.2023 година и извети дека правното лице Скопски пазар АД во кое нејзиниот сопруг Младен Дамев е претседател на Управниот одбор и Генерален директор имал во тек судски постапки во кои постапувале одредени судии кои биле пријавени за избор воповисок суд,поради што и веднаш го доставила известувањето, постапувајќи согласночлен 33 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, односно почитувајќи ја нејзината законска и морална обврска која била облигаторна за секој член на Советот. Притоа, истакна дека станувало збор за компанија со обемна деловна активност која секојдневно можела да се појави пред суд како странка, но тоа не значело дека може да има било какво влијание врз нејзината непристрасност при постапувањето како член на Комисијата за рангирање, поради што и во самото известување навела дека не бара изземање, туку само известила за наведените околности. Како член на Комисијата за рнгирање, наведе дека всушност не учествувала во спроведување напостапка во која се одлучува за судија. Работата на Комисијата пред се била од технички карактер, ако се имале во предвид надлежностите на Комисијата од член 2 став 2 од правилникот за рабгирање на кандидатите за избор насудија во повисок суд.. Критериумите биле објективни, мерливи и проверливи и во овој момент немало законски услови за нејзино изземање. Во оваа фаза и во овој момент немало и не можело да има било каква пристрасност, наклонетост или субјективизам. Секоја поинаква одлука би се закочил и пролонгирал процесот за избор на судии во повисок суд во кој недостатокот на судии бил на алармантно ниво.

Во врска со второто известување наведе дека итентично постапила како и со првото,односно откако дознала дека нејзиниот сопруг се јавува во совојство на оштетен во друг предмет веднаш го известила Советот со барање за дополнителна проверка на одредени факти за да се утврдело дали станувало збор за тој предмет и истите биле констаирани на ден 29.05.2023 година, кога од страна на судот биле доставени податоци од кои извршила увид и ја констатирала состојбата. Напомена дека станувало збор за предмет со огромен број на оштетени, а не само за нејзиниот сопруг и во овој случај особено ваѓно било да се потенцира дека станувало ссзор з апредмет по кој судијата повеќе не постапувал, одлуката била укината , што значело дека мериторно не било одлучено и во моментов по предметот постапувал друг суд и друг судки совет, а нејзината работа како член на Комисијата на известители била да се испита ажурното и навременото постапување на судијата од аспект на почитување на законските рокови и дали постоеле оправдани причини поради кои одлуката не е донесен аво законски предвидениот рок. Она што било во делокруг на надлежност и предемт на интерес и утврдување на Комисијата на известители воопшто немало допирна точка со статусот оштетен на нејзиниот сопруг за кој повтори дека е еден од огромниот рој на оштетени во тој предмет. Од тие причини смета дека нејзината работа во оваа Комисија не можела да биде доведена под сомневање и дека не треба да биде изземена, ниту од оваа Комисија, затоа што немалопристрасност од нејзина страна, туку напротив Комисијата требало час поскоро да се зафати со работа и да го сработи она што од неа се очекува, особено ако се имало во предвид дека станувало збор за предмет од јавен интерес, па секое проллонгирање само создавало дополнителна штета во смисла на одолговлекување на постапувањето. Воедно допоолнително извести дека со оглед да овој предмет е вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд, а во овој момент не и бил познат во целост советот кој постапува ,па известувањето го прошири и во тој дел доколлу судиите кои постапуваат, односно одлучуваат по

истиот се пријавени на огласот за избор на судија во повисок суд и не сакала тоа лично да го утврдува самата. На крајот наведе дека одлуката сепак ја носи Судскиот совет, а таа ја исполнила нејзината морална и законска обврска и се надева дека одредени процеси кои биле во тек пред Судскиот совет немало да бидат пролонгирани бидејќи реални причини за истото не постоеле. Доколку во текот на нејзината понатамошна работа и постапување во Советот наведе ако биде запознаена за исти или слични околности кои не ги знаела во овој момент повторно веднаш ќе го известела Советот. Наведе дека ова морала да го елаборира бидејќи немала право да учествува во расправа односно дискусија.

За збор се јави Мери Радевска - член на Советот која наведе дека за да може да се расправа смета дека ги немаат доволно сите податоци, ја немале пресудата за судијата на кој се однесува Барањето за утврдување на одговорност и побара Весна Дамева доколку има податоци да одговори дали нејзинииот сопруг истакнал имотно-правно барање, дали се откажал од имотно правно барање, дали бил застапуван од полномошник, дали полномошникот истакнал имотно-правно барање и дали во изреката на пресудата стои дека оштетените се упатуваат на спор.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека таа пресуда ја побарала по службена должност и истата беше доставена за што бил известен и претседателот на Комисијата на известители, одлучиле дека е најрационално да се достави на електронската адреса на Советот, за да не се губи време, истата била доставена и бидејќи се работело за многу обемна пресуда била испечатена само изреката. Наведе дека во овој момент не може да одговори на овие прашања, но од страна на нејзиниот сопруг и било кажано дека не давал исказ во судот. Затоа и предложила ако е потребно да се даде и пауза за да се провери овој факт, бидејќи не и бил познат.

Мери Радевска - член на Советот ја побара на увид пресудата за да се види што со тоа по однос на имотно-правното побарување, тоа било клучно дали некој требал да се изземе од член на Комисијата.

Претседателот на Советот констатираше дека Мирсад Суроји член на Советот е присутен на седницата.

Весна Дамева - член на Советот побара да се подели пресудата на службените компјутери.

Претседателот на Советот наведе дека би сакал да ја види пресудата.

м-р Селим Адеми – заменик претседател на Советот се јави за збор и наведе за да го искористи присутвото на Весна Дамева додека е тука бидејќи давала изјави дека се правела некоја хајка и побара да каже истата дали дописот е потпишан од Весна Дамева кој бил доставен до него како претседател на Комисија за рангирање на кандидати во повисок суд и дали тој бил задолжен да го достави до Судскиот совет и за каква хајка станува збор кога таа самата го доставила до него да го достави до Судски совет. Ја замоли да не се покажува како жртва бидејќи дописот го доставила самата и сега кога требало да се расправа, а не била и единствена бидејќи имало ситуации и за други членови на Судскиот совет, во кое известува дека можеби ќе била непристрасни. Доколку не доставила иизвестување сега не би разговарале за истото, но во случај такво барање да покренел Советот наведе дека би се согласил дека е некоја хајка.

Мери Радевска - член на Советот го замоли Претседателот на Советот да се вратат на тоа што било тема, а меѓусебните обвинувања да се остават за надвор и времето да не се губело бидејќи имале конкретни прашања. Побара во однос на оценувањата сега според ннејзините сознанија би се поставило прашањето дали и кај други судии кои се кандидати имало предмети или само кај овие две судијки .Замоли да појасни Весна Дамева „ дали останува од сите кандидати за судии на повисок суд единствено кај тие двајца судии имало предмети од Скопски пазар“.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека во овој момент го дополнила известувањето за уште двајцата судии во советот, кој што одлучувале по предметот кој е вратен на повторно одлучување пред првостепениот суд и тој факт да се провери, можеби еден или двајца судии конкурирале за избор, Но, наведе дека во овој момент тоа не го зане и би можеле по службена должност да се побара информација кај кој судии предметот е распореден. Информациите кои и се познати во овој момент наведе дека ги добила од полномошникот на фирмата. Но дополнително ќе провери и во текот на денот ќе достави информации.

Мери Радевска - член на Советот наведе дека треба се да биде проверено за да не се контаминира процесот на избор на судии и да се предизвика сомнеж во непристрасноста, независно тоа колку можеби е незначајно ова во моментов, но ова кај секој непристрасен набљудувач може да предизвика сомнеж, затоа биле потребни целосни податоци за да се одлучи за ова прашање.

Весна Дамева - член на Советот праша „ дали се бараат податоци од моментот на формирање на Комисијата“.

На што Мери Радевска - член на Советот одговори потврдно.

Весна Дамева член на Советот наведе дека ќе се потруди да ги обезбеди тие податоци.

м-р Селим Адеми – заменик претседател на Советот останува се јави за збор и наведе дека потребни се податоци не само за тие што се активни, туку и за завршени предмети, без оглед што сега не се активни и дали има сознанија за тоа.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека во овој момент нема но, меѓутоа ќе се потруди да ги обезбеди тие податоци во текот нао вој ден или наредниот ден бидејќи биле податоци кои треба да ги прибави од страна на службата на компанијата.

Мери Радевска - член на Советот наведе дека не може да се води расправа додека ги немаат сите факти, секој судија знаел дека мора да се целосно испитани за да може да се расправа. Замоли да се даде рок дали е тоа 5 дена или 3 дена па ќе расправало откако сите факти ќе бидат познати.

м-р Селим Адеми – заменик претседател на Советот се јави за збор и наведе дека Весна Дамева за 4 судии самата кажала дека се кандидати и дека тие биле доволен показател и немало улога дали ќе бидат 10 или 15 бидејќи истото било доволно основа за денес да се расправало. Но, наведе дека не би сакал да се каже дека не бара изземање затоа што нема да биде пристрасна, а се работело за 20 милиони денари.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека колегата повторно ги вади зборовите од контекст и ги презентирал невистинито и дека наведе дека кажала за 4 судии кажала за 2 судии

од Комсијата за изветители, а за оние еден или два можеби и ниту еден судија за предметот кој што е вратен на повторно одлучување, а се однесува, на второто известување, наведе дека не знае за кој судии се однесува и доколку тој имал податок побара да каже. Повтори дека дополнително ќе извести и дека се што дознала во моментот веднаш известила. Ако е задолжена да прибира податоци и да утврдува факти, како и да води евиденција на компанијата наведе дека тоа ќе го стори иако се косело со деловните обичаи. А, тоа што го истакнал колегата било отежителна околност како што навел 20 милиони денари и наведе дека тоа можеби бил голем износ на прарични средства, меѓутоа станувало збор за компанија со огромен обем на работа и дека не сака да се стекне впечаток дека нешто криела, и наведе дека она што го кажува колегата ќе го потврдело тоа дека презентираното на порталот со извртени факти е хајка против нејзе, како што претходно елаборирала..

Мирјана Радевска Стефкова - член на Советот се јави за збор и наведе дека се согласува со она што го истакнала колешката Мери, а тоа е дека треба да ги има сите податоци по првото и по второто известување, бидејќи Весна Дамева ги елаборирала двете известувања, иако Советот почнал да расправа по првото известување. Наведе дека првото известување се однесувало како член на Комисијата за известители и дека мора да се има податок, бидејќи во конкретно поднесеното барање за утврдување на одговорност се наведени двајца судии кои што биле предмет на рангирање и дека Весна Дамева го известува Советот за евентуална пристрасност доколку оцени Советот дали треба да биде изземена, меѓутоа во овој момент во своето усно излагање наведе дека можеби има уште двајца судии, можеби не, ако добро разбрала. Така да, Советот морал да знае точно за кои постапки, за кои судии што се рангираат станува збор. По однос на второто известување каде што се споменувала конкретна пресуда наведе дека Советот мора да ја види таа пресуда за да може да одлучува.

м-р Селим Адеми – заменик претседател на Советот се јави за збор и наведе дека се согласува со изнесеното и предложи да се оддложи оваа точка и кога ќе се добиеле сите податоци ќе се расправало уште еднаш, но ја замоли Дамева да каже точно и дека истата не можела да каже дека пред 2 дена дознала, бидејќи кога била гостин во емисијата Трилинг од водителот на емисијата и било поставено прашање за споровите на нејзиниот сопруг и наведе дека од тогаш требала да знае дека се воделе некои судски постапки и дека треба да извести колку предмети има за да Советот не дојде во заблуда.

Весна Дамева - член на Советот во реплика наведе дека очигледно колегата се толкувал погрешно и се онака како што му одговарало, наведе дека и пред медиумите потврдила дека точно е тоа дека нејзиниот сопруг се јавувал во постапка во која бил оштетен, меѓутоа таа постапка била во обвинителство и ако добро го слушнале одговорот ќе се разберело од произнесувањето како би можела да влијае на обвинител. Потоа, наведе дека присутната јавност ќе го добие бројот на тој предмет, а како било протолкувано од негова страна му порача мислењето да го задржи за себе. Во овој момент извести дека со оглед на тоа дека се присутни и медиумит ќе се обидела за половина час да го најде бројот на тој предмет и наведе дека ќе се увериле дека сите факти биле извртени од страна на Селим Адеми. Побара да се престане со ваквите дискусии бидејќи се нарушувал нејзиниот углед и угледот на Судскиот совет и наведе дека нема намера да седи на обвинителна клупа пред заменик претседателот во оставка, ниту да расправа и одговара на прашања.

м-р Селим Адеми – заменик претседател на Советот наведе дека барал податоци за делот во судството не го интересирало за обвинителството, во емисијата било кажано за предметите, а во која фаза се истите наведе дека тоа требало да го знае Весна Дамева и дека не сака да се кажува дека се прави хајка против нејзе, бидејќи самата известила за тоа. Но, сега

и било кажано дека не може да прикрие факти и аргументи бидејќи не била претседател на Судскиот совет и дека сега ќе се расправало за се, а не за она што само таа сакала, ќе се видело за колку предмети се работело. За тоа дека требало да знае наведе дека ќе се расправа на седница кога ќе бидат на дневен ред овие известувања.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека сакала да остане принципиелна, но наведе дека морала да биде јасна и прецизна и дека не требала ниту морала да знае за деловните обврски, за судките постапки и било какви постапки за нејзиниот сопруг бидејќи не разговарале за службени работи, ниту тој знаел во што постапувала, ниту пак таа знаела какви судки постапки се воделе. Нејзиниот сопруг и било кој член од нејзиното семејство немал законска обврска нејзе да ја известува, за да таа потоа да го извести Советот и за разлика од други членови на Сускиот совет можеби имало судир на интереси и одредени состојби не известиле.

Павлина Црвенковска - член на Советот наведе дека некој кога станува член на Судски совет па и претседател, ја знае основната надлежност на Советот – следење на работата на судиите и нивно оценување. Не станува член на Управен одбор на карате сојуз па да следи работа на каратисти – како се одвива нивната кариера или како си ја вршат нивната работа. Секој кога станувал член на Судски совет имал обврска да си праша по дома дали евентуално има некои предмети каде може да настане судир на интереси. Како член на Судски совет овде се одлучувало по барање за утврдување одговорност, се следела работата на најголемиот суд во државата, Основниот кривичен суд Скопје, каде Весна Дамева била 3 години координатор. Нејзина обврска била кога станала член на Судскиот совет да праша каде евентуално нејзиниот сопруг има предмети или друг член на семејството, деца, за да може да се изземе и да не се доведе во прашање нејзината работа. По однос на моментот кога го дознала тоа се надоврза на изјавата на заменик претседателот и дека во емисија на Трилинг била директно прашана„ Дали Вашиот сопруг има предмети како директор на Скопски пазар. На ова Весна Дамева одговорила дека се јавувал како оштетен, а тоа е во надлежност на обвинителството. Па праша како правници за сите било познато дека имотно правното побарување е релевантно, не било надлежно обвинителство, надлежен бил судот, во зависност од тоа дали ќе донесе ослободителна или осудителна пресуда и дали ќе биде обештетена странката. Наведе дела Весна Дамева била координатор и три години ја следела работата на кривичниот суд, а сега известила дека кај судија .. нејзиниот сопруг имал предмет како оштетен и побара да каже за кое оштетно побарување станувало збор. Дали било точно тоа дека проструела информација за 1.300.000, евра, за кое требало тек да се донесе пресуда. Дали била донесена осудителна пресуда во тој суд со кој бил обештетен во изминатиот период за 600.000 евра и дека до Судскиот совет пост фестум се доставило ова известување да одлучувале за нејзино изземање, тоа требало да го побара кога станала координатот на Основен кривичен суд Скопје. Постави прашање на Мери Радевска како член на Комисијата за увид и оценка дали денот кога отишле да ја оценуваат судија.. дека истиот ден нејзиниот сопруг имал рочиште.

Мери Радевска - член на Советот наведе дека нема што да одговори, бидејќи доколку знаела би и рекла дека треба да се изземе, ако тоа било вистина и наведе дека тоа и сега не го знае.

Павлина Црвенковска - член на Советот наведе дека и тоа требало сега да се провери и да се побара изјава од судијата Александар Ристевска која што го води предметот.

м-р Селим Адеми – заменик претседател на Советот наведе дека како претседател на Комисијата дека тој и судијата Мери за оваа околност дознале на 23.05.2023 година, кога постапката за рангирање била при крај и останале уште 10-тина кандидати за Апелациониот суд,

тогаш пристигнало писмо и рекле да се прекине со работата и да се види што ќе се случува . Прв пат дознал за предметите кога го видел дописот.

Пвлина Црвенковска - член на Советот наведе дека прв пат ја добила информацијата, откако Весна Дамева била избрана за претседател на Советот, бидејќи сите медиуми пишувале дека нејзиниот сопруг има предмети во судовите и во обвинителство и било чудно кога некој е член на Судскиот совет и кога следи и одлучува за судбина на судија да не праша дома кој предмети ги има за да знае да се изземе и да не се доведе во ситуација на судир на интереси.

Претседателот на Советот праша „ова за што се зборува и дискутира за кој суд се однесува".

Весна Дамева - член на Советот наведе дека еден е за Основниот граѓански суд Скопје и еден за Основниот кривичен суд Скопје, како и последното известување за Апелациониот суд Скопје. Потоа, наведе дека очекувала поранешната претседателка Павлина Црвенковска да извести за работи кои лично нејзе и се познати и да се држи до законските одредби, особено член 34 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија дека знаела за законската обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно Законот.

Павлина Црвенковска - член на Советот реагираше до претседателот дека предмет на расправа денес е известувањето.

Претседателот на Советот наведе дека се излегува надвор од дискусијата и побара дискусијата да биде во таа насока.

Весна Дамева - член на Советот повтори дека известила во моментот кога дознала, а во кои медиуми пишувало за тоа не и било познато, но доколку знаела Павлина Црвенковска во најмала рака како член требало да го извести Советот. Имајќи ја предвид дискусијата наведе дека повторно се потврдувало тоа дека има хајка против неа.

М-р Ивица Николовски - член на Советот наведе дека нема намера да биде дел од овој циркус и апелираше до претседателот на Советот кој раководи со седницата Наведе дека Судскиот совет има куп прашања од негова надлежност по кои треба да постапува, но дека во последно време како што не опишувала и јавноста се продолжувало со циркузи. Денес имало иницијален акт поврзан со институтот изземање, меѓутоа тој се проширил на меѓусебни обвинувања и дека тоа не било тема на Дневен ред Наведе дека тој на почеток на седницата рекол дека точката разно не му е јасна, но колешката Мери појаснила кои аргументи се потребни за да се одлучува за изземање. Сето наведено прераснало во меѓусебни обвинувања и дека од претседателот на Советот зависи во која насока ќе оди работата на Судскиот совет.

Претседателот на Советот наведе дека ќе произлезе заклучок во смисла на доказите кои побара да се прибават Мери Радевска и го задолжи генералниот секретар заедно со Весна Дамева да се усогласат околу податоците кои е потребно да се прибават, потоа доколку е потребно ќе се обратат и до судовите.

Павлина Црвенковска - член на Советот предложи да се обратат писмено до Основен граѓански суд Скопје, Основен кривичен суд Скопје и Апелациониот суд Скопје во сите предмети во кој предмети е тужен, оштетен, тужител сопругот на Весна Дамева и во изминатите 3 години ако имало одлуки и тие да се доставаат, за да се видело дали имало судир на интереси.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека ова било многу добро, но пост фестум не можело да се утврдува дали имало судир на интереси, за нешто што не го знаела. Наведе дека ако се размислува и алудира на нејзина одговорност за отстранување од овој Судски совет на старт кажа дека се залажуваат, или второ дека може да ја разреши мнозинството како што ја разрешиле од претседател на Судски совет, но наведе дека повторно тоа во една правна процедура ќе биде докажано. Наведе дека важно во овој момент било тоа кога фактот ќе го дознаела, и побара по службена должност овие податоци да се обезбедат од посочените судови и тоа ќе било најрелевантно и од тој момент практично и таа би била запознаена.

Претседателот на Советот наведе дека расправата по овие известување ќе продолжи на некоја наредна седница по обезбедување на материјалите од страна на службата и дека дополнително ќе биде формулирано барањето за Основниот кривичен суд Скопје, Основниот граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје.

Претседателот на Советот костатираше дека седницата заврши во 11:00 часот.
Тонското снимање е составен дел од записникот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**

Изработил, Анита Андоноска- Државен советник
Одобрил, Весна Толева- Генерален секретар